**ООУ „СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“, Центар - Скопје**



# САМОЕВАЛУАЦИЈА

2021-2023 година

# Содржина

ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО ..... 3
Општи подаоци за училиштето ..... 3
ПОДРАЧЈЕ 1 - НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ ..... 4
Индикатор 1.1. Реализација на наставните планови и програми ..... 6
Индикатор 1.2. Квалитет на наставните планови и програми ..... 8
Индикатор 1.3. Воннаставни активности ..... 9
ПОДРАЧЈЕ 2 - ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ ..... 12
2.1. Постигања на учениците ..... 12
2.2. Задржување-осипување на учениците ..... 15
2.3 Повторување на учениците ..... 17
ПОДРАЧЈЕ 3 - УЧЕЊЕ И НАСТАВА ..... 18
3.1. Планирање на наставниците ..... 18
3.2.Наставен процес ..... 19
3.3.Искуства на учениците од учењето ..... 20
3.4.Задоволување на потребите на учениците ..... 21
3.5.Оценувањето како дел од наставата ..... 22
3.6.Известување за напредокот на учениците ..... 22
ПОДРАЧЈЕ 4 - ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ ..... 24
4.1.Севкупна грижа за учениците ..... 24
4.2.Здравје ..... 27
4.3.Советодавна помош за понатамошно образование на учениците ..... 29
4.4. Следење на напредокот ..... 30

ПОДРАЧЈЕ 5 - УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО .... 32
5.1.Училишна клима и односи во училиштето .... 32
5.2.Промовирање на постигнувањата .... 35
5.3.Еднаквост и правичност .... 36
5.4.Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница .... 38
ПОДРАЧЈЕ 6 – РЕСУРСИ .... 42
6.1. Сместување и просторни капацитети .... 42
6.2 Наставни средства и материјали .... 42
6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар .... 43
6.4 Следење наа развојните потреби на наставниот кадар .... 44
6.5 Финансиско работење во училиштето .... 45
ПОДРАЧЈЕ 7 - УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ .... 47
7.1.Управување и раководење со училиштето .... 47
7.2.Цели и креирање на училишна политика .... 52

# ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО

## Општи подаоци за училиштето

| Податоци | |
|---|---|
| Име на основното училиште | СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ, ЦЕНТАР – СКОПЈЕ |
| Адреса, место, општина | Ул.1737 бр.1 Центар Скопје |
| Телефон | 02/3 164 357 02/3 213 799 |
| Факс | 02/3 164 357 |
| Веб-страница | ООУ Свети Кирил и Методиј - Скопје - Почетна (oukimcentar.edu.mk) |
| Е-маил | ou-svetikirilimetodij-centar@schools.mk;<br>oousvkirilimetodij@centar.gov.mk;<br>oukimsk@yahoo.com; |
| Основано од | 1985 |
| Верификација-број на актот | ИО – ГНОО на Град Скопје |
| Година на изградба | 1963/64 |
| Тип на градба | Цврста |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | 3101 $м^2$ и галерија |
| Училиштен двор (m2) | 3200 $м^2$ |
| Површина на спортски терени и игралишта | 700 $м^2$ |
| Начин на загревање на училиштето | Централно парно греење |
| Училиштето работи во смени | Училиштето работи во една смена |
| Број на паралелки | 18 |
| Број на комбинирани паралелки | / |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | Македонски јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | Не |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | Не |
| Во основното училиште има ресурсен центар | Не |
| Други податоци карактеристични за основното училиште | Најстаро училиште во Република Северна Македонија со непрекината воспитно образовна дејност на мајчин македонски јазик во текот на 187 години. |

Самоевалуацијата во нашето училиште се врши врз основа на ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ И ОБЛАСТИТЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА Донесен според член 129 од Законот за основно образование (“Службен весник на Република Македонија” бр. 161/19, според закон број 08-4389/1 од 30.07.2019), од Министерот за образование и наука

## Самоевалуација - подрачја/области

1. Наставни планови и програми
2. Постигања на учениците
3. Учење и настава
4. Подршка на учениците
5. Училишна клима и односи во училиштето
6. Ресурси
7. Управување и раководење

**СПИСОК НА ГРУПИ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА**

**Директор:Соња Кирковска**
**Раководител на тимот: Маја Ѓорчевска-Затуроска (педагог)**
**Техничка подршка: Нела Слезенкова Никовска (одделенски наставник)**

**Работните групи по подрачја/области**

| **ПОДРАЧЈЕ 1** ***Наставни планови и програми*** | **ПОДРАЧЈЕ 2** ***Постигања на учениците*** | **ПОДРАЧЈЕ 3** ***Учење и настава*** | **ПОДРАЧЈЕ 4** ***Подршка на учениците*** | **ПОДРАЧЈЕ 5** ***Училишна клима и односи во училиштето*** | **ПОДРАЧЈЕ 6** ***Ресурси*** | **ПОДРАЧЈЕ 7** ***Управување и раководење*** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Гордана Букревска** | **Кети Христовска** | **Марина Станковиќ** | **Даниела Крстевска** | **Ирена Бакреска-Василевска** | **Бојана Бачоска** | **Маја Бутлеска** |
| Андријана Грујовска | Жанета Шумкоска | Валентина Лена Вељан | Дијана И.Коваческа | Ирена Тодороска-Пановска | Драган Станојкоски | Вера Петровска |
| Катарина Лазаревска | Ленче Зајковска | Сања Пиперевска | Александра Крстова | Маја Јакимовска | Нела С.Никовска | Ненад Наневски |
| Биљана Стојановска | Благица Димчева | Ана Покупец - Апостолски | Чедомир Пановски | Горица Бошкоска | Анка Чоневска | Марија Варадинска |
| Нина Николоска | Данче Гиговска | Весна Миливоевиќ | Жане Шаркова | Сојна Ѓорѓиевска | Васка Тошевска Момироска | Виолета Секуловска |
| Мери Ќурчиева | Симона Пецова | Вања Петровска | | Лујза Наневска | | |

# ПОДРАЧЈЕ 1 - НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

| **ПОДРАЧЈЕ 1** | **НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ** |
|---|---|
| **Членови на работната група:** | Гордана Букревска, Андријана Грујовска, Катарина Лазаревска, Биљана Стојановска, Нина Николоска, Мери Ќурчиева |
| Индикатори за квалитет | |
| 1.1 Реализација на наставнитепланови и програми | 1.1.1. Применувани наставни планови и програми<br>1.1.2. Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми<br>1.1.3. Изработување индивидуални образовни планови ( ИОП) за учениците со посебни потреби<br>1.1.4. Избор на наставни предмети<br>1.1.5. Планирање на активности за реализација на проектните активности на училиштето<br>1.1.6. Реализација на проширени програми |
| 1.2 Квалитет на наставните планови и програми | 1.2.1. Родова и етничка рамноправност и мултикултуртурни содржини во наставните програми и учебните помагала<br>1.2.2. Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала<br>1.2.3. Интегрирање на меѓупредметните цели на образованието<br>1.2.4. Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми |
| 1.3 Воннаставни активности | 1.3.1. Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности<br>1.3.2. Опфатеност на учениците со воннаставните активности<br>1.3.3. Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности<br>1.3.4. Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активност |

## Индикатор 1.1. Реализација на наставните планови и програми

| | |
|---|---|
| Теми: | 1.1.1. Применувани наставни планови и програми<br>1.1.2. Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми<br>1.1.3. Приспособување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби<br>1.1.4. Избор на наставни предмети<br>1.1.5. Планирање на активности за реализација на слободните часови / проектните активности на училиштето<br>1.1.6. Реализација на проширени програми |
| Извор на податоци | |
| Наставни планови и програми донесени од БРО<br><br>Педагошко-психолошката служба научилиштето | **1.1.1.Применувани наставни планови и програми**<br>Применуваните Наставни планови и програми се во согласност со програмски документи од БРО а одобрени од МОН и истите се реализираат во пропишаниот обем. Наставниците:<br>-редовно изготвуваат наставни програми по сите наставни предмети вклучувајќи и програма за додатна, дополнителна, деца со посебни потреби, програма со МИО, ЕКО и ИКТ содржини, како и програма за личен и професионален развој, програма за соработка со родители, програма за животни вештини, програма за |

| | |
|---|---|
| Анкета меѓу наставници | вонннаставни активности, програма за стручен актив , програма за натпревари, програма за слободни активности, програма за проектни активности, програма за домашна работа. |
| Записници од родителски средби<br>Записници од Наставнички совети на училиштето и активите<br>Годишна програма на училиштето<br>Брошура на училиштето изготвена од страна на педагошката служба на училиштето<br>Веб страна од МОН<br>Анкета за родители<br>(графикон 1.1.2)<br>Анкета меѓу ученици<br>(графикон 1.1.2) | **1.1.2. Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми**<br>Училиштето има воспоставено процедури и методи за информирање на родителите за наставните планови и програми преку учениците, Советот на родители и родителски средби, кои се одржуваат во утврдени термини. На почетокот на учебната година наставниците ги претставуваат и образложуваат наставните планови и програми според кои се одвива наставата. Веб сајтот, како и Фејсбук профилот, огласните табли и брошури за училиштето се исто така начини за информирање на родителите за имплементација на програмата.<br>Родителите имаат право да дадат определени мислења и предлози со цел подобрување на квалитетот на образованието. |
| Портфолио за деца со ПОП<br><br>Анкета (графикон 1.1.3) | **1.1.3. Приспособување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби**<br>Училиштето има капацитет да ги приспособува наставните планови и програми по сите предмети според можностите на децата со ПОП. Преку разговорот со стручната служба и директорот утврдивмев дека во училиштето функционира Училишен инклузивен тим составен од 7 члена во кој членуваат директорот, специјален едукатор и рехабилитатор-дефектолог, психологот, двајца родители и двајца наставници. Иклузивниот тим за ученикот (ИТУ), составен од училишниот специјален едукатор и рехабилитатор, училишниот психолог, одделенски раководител, родител и наставниците кои предаваатна ученикот. ИТУ тимот изработува и евалуира ИОП (индивидуален образовен план) за работа со деца со посебни образовни потреби и истиот го следи напредокот на ученикот. На овие ученици им се посветува посебно внимание од страна на сите наставници, психологот и специјалниот едукатор и рехабилитатор. Со останатите ученици кои немаат таков документ, а кои имаат тешкотии при совладувањето на наставните содржини се работи индивидуализирано и се планираат активности во рамките на дневните планирања и програмите за дополнителната настава. Со овие ученици работи индивидуализиран дефектолог, а со поддршка на педагогот и психологот. Дел од активностите за работа со овие ученици се во програмите за работа на стручните соработници. |
| Анкета меѓу родители и ученици<br><br>(графикон 1.1.4) | **1.1.4. Избор на наставни предмети**<br>Училиштето нуди повеќе од три изборни предмети според наставниот план и спецификите на локалата средина. Изборот на наставните предмети од листите на изборни предмети од наставниот план го вршат учениците во согласност со нивните родители но при изборот на предметите од листата на изборните предмети што се нудат за избор на анкетните листови за учениците одлучувачка е улогата на училиштето. Изборот на трите предмети кои ќе бидат понудени на анкетните листови се врши во прилог на ангажирањето на постојните наставници до полн фонд на часови. |
| Интервју со педагог -записници одучилишен парламент<br>Програма за работа на училишенпарламент | **1.1.5. Планирање на активности за реализација на слободните часови/проектните активности на училиштето**<br>Во рамките на слободните часови/проектни активности, училиштето континуирано нуди и реализира програми за задоволување на интересите и желбите на учениците од разни области, вклучително и програми за стекнување знаења и вештини од областа на претприемништво и иновации, бизнис и кариерен развој, меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост. Училиштето исто |

| | |
|---|---|
| | така води грижа за вклученоста на учениците со посебни образовни потреби во слободните часови. Сите овие активности еднакво се достапни за сите ученици независно од полот. Придобивките од овие активности се бројни: афирмирање на училиштето, на учениците како поединци, развивање на способностите и афинитетите на учениците кои се вклучени во нив, развивање на другарството и натпреварувачкиот дух, можност за забава и самообразување, креативно исполнување на слободното време. |
| Проширена програма | **1.1.6. Реализација на проширени програми**<br>Во училиштето се реализира проширена програма. Во рамките на проширената програма се реализира организирано прифаќање и заштита на учениците од прво до петто одделение еден час пред започнување на часовите за редовна настава и еден час по завршување на редовната настава во согласност со родителите. Во нашето училиште е овозможен продолжен престој на учениците од 4 и 5 одд. и целодневна настава за учениците од 1,2 и 3 одд. за што е обезбедено и исхрана за учениците во текот на училишниот ден. |

## Индикатор 1.2. Квалитет на наставните планови и програми

| | |
|---|---|
| Теми: | 1.2.1. Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала<br>1.2.2. Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала<br>1.2.3. Интегрирање на општите (меѓу предметните) цели на образованието<br>1.2.4. Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми |
| Извор на податоци | |
| Наставните планови и програми<br><br>Стручен соработник – лице одговорно за проектот | **1.2.1. Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност вонаставните програми и учебните помагала.**<br>Во нашето училиште се реализираат содржини кои помагаат за личниот и општествениот развој на учениците од различни етнички заедници и се грижат за родовата и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност. При самиот избор на одделенското раководство во секое одделение се бираат ученици од различен пол и етничка припадност. а самиот избор на претседателство на ниво на училиште се бираат по еден претставник од машки и женски пол, а се води сметка и за етничката припадност. На одделенските часови раководителите на паралелки реализираат работилници од програмата за Животни вештини за сензација на етничките групи, а вакви теми се обработуваат и од страна на стручната служба преку предавања, работилници, трибини. |
| Интервју со одделенски ипредметни наставници | **1.2.2 Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала.**<br>Училиштето искористува се она што може да понуди локалната средина за успешно остварување на програмските задачи. Во училиштето постојат добри примери на соодветни интегрирани особености на локалната средина во наставните програми и наставните помагала и тоа во училишните проекти, во воннаставните активности и во програмите на ученичките заедници. Училиштето има соодветно интегрирани особености на локалната средина на наставните планови и програми. Организирани се предавања за меѓуетничка интеграција и заштита на животната средина ,посети на музеи, кина и театри, |

| | |
|---|---|
| | екскурзии. Остварени се средби со претставници од општина и собрание во контекст на изучување содржини по одредени предмети. |
| Дневни, годишни и тематскипланирања | **1.2.3 Интегрирање на општите (меѓу предметните) цели на образованието**<br>Меѓу предметните цели се застапени во поголем дел од наставните програми. Наставниците добиваат насоки од стручните соработници, според кои ќе се врши интегрирањето на меѓу предметните цели во планирањето на наставниците. Поголем број наставници ги почитуваат тие насоки и преземаат одговорност за реализација на истите. |
| Анкета меѓу наставници<br><br>Анкета меѓу родители | **1.2.4 Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми**<br>Училиштето покренува иницијатива за изменување и дополнување на наставните планови и програми и воведување на нови образовни профили врз основа на искажаните потреби на локалната средина, до МОН и БРО. Начинот на кој наставниците, родителите и учениците можат да влијаат за измени во наставната програма е да покренат иницијатива за измени и дополнувања на наставните планови и програми и истите да се препратат до БРО и МОН. Предложено е да се испрати забелешка до МОН и БРО за отворање на веб–линк на кој сите наставници вклучени во воспитно образовниот процес ќе можат да дадат забелешки и свој придонес за подобрување на воспитно образовниотпроцес на учениците. |

## Индикатор 1.3. Вонnаставни активности

| | |
|---|---|
| Теми: | 1.3.1. Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности<br>1.3.2. Опфатеност на учениците со воннаставните активности<br>1.3.3. Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности<br>1.3.4. Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности |
| Извор на податоци | |
| Педагошка евиденција и документација<br>Годишна програма за работа на училиштето<br><br>Програма за дополнителна и додатна настава | **1.3.1. Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности**<br>Согласно ЗОО, училиштето планира и во целост ги реализира воннаставните активности кои се одраз на интересите, умеењата, афинитетите и потребите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен кариерен(професионален) и социјален развој.<br>Училиштето им овозможува на сите заинтересирани ученици да бидат вклучени во воннаставни активност во зависност од нивните желби, можности, умеења и афинитети, не исклучувајќи ги притоа учениците со посебни потреби и учениците кои потекнуваат од семејства со низок социоекономски статус. |
| Идентификациони листи за надарени ученици | **1.3.2. Опфатеност на учениците со воннаставните активности**<br>Најголем број од учениците се вклучени барем во една воннаставна активност за поддршка на личниот и професионалниот развој без оглед на нивниот пол,етничка припадност и социјално потекло. |
| Идентификациони листи за надарени ученици | **1.3.3. Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности**<br>Учениците се вклучуваат во воннаставните активности по сопствен избор.Учениците имаат клучна улога во подготвувањето на програмите за работа на воннаставните активности. Во училиштето редовно се анализираат воннаставни активности, согласно ЗОО и за истите наставниците имаат програми за реализирање, а соодветно ја бележат<br>и самата реализација. Во истите застапени се деца без оглед на половата и етничката припадност.<br>Придобивките од воннаставните активности се големи, постои дружба, социјализација, се развиваат комуникациските вештини, креативните способности, се прошируваат знаењата, умеењата, се |

| | |
|---|---|
| | развиваат вештините, се афирмира училиштето. Учениците подолго време минуваат во училиште, а со тоа поголема е можноста од заштита од сите негативни надворешни влијанија. |
| Записници од Наставнички совети<br>Благодарници<br>Пофалници<br>Дипломи<br>Признанија<br>Награди, пехари, медали<br>Интервју за наставници,<br>Полугодишен и Годишен извештај<br>Програма за начинот на изведување на ученички екскурзии<br>Webстрана на училиштето<br>Fb страна на училиштето | **1.3.4. Афирмирање на учениците и училиштето преку воннаставните активности**<br>Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, работат на проекти, учествуваат на различни манифестации, ликовни изложби, литературни конкурси и натпревари од различни области што се организираат на локално, државно и меѓународно ниво и имаат освоено значителен број награди, постојат и се користат средства (училишен весник,ученичко катче ,кариерен центар исл.) за афирмирање на воннаставните активности и на резултатите од нив.<br>На сите ученици кои учествуваат на натпреварите, по било кој предмет и на билокое ниво, им се даваат совети и се охрабруваат од страна на сите наставници, стручната служба и од директорот за нивното учество.<br>Се освојуваат голем број на награди, а наградените ученици, кои преку своите награди придонеле за афирмација на нашето училиште, се пофалуваат преку писмени соопштенија, на состаноците на Совет на Родители, Наставнички совети, родителски средби,радио и ТВ медиуми,а за најдобрите ученици општина Центар доделува парични стипендии а на крајот од нивното 9-годишно образование, се бира ученик на генерацијата и се добива парична награда.Исто така секоја година од сите училишта во Општина Центар се избира по еден наставник на годината од одделенска и еден наставник од предметна настава, за што исто така се добива парична награда.МОН доделува парична награда и за учениците и нивните ментори кои ќе освојат прво место на републички натпревар со што дале свој придонес во афирмација на училиштето. |

**Резултати**

**Клучни јаки страни**

- Училиштето ги има обезбедено сите НПП на МОН и БРО по предмети, подрачја и активности.
- Кај педагошката служба на училиштето сите наставници имаат предадено Годишен глобален и тематски план како и Годишно планирање за дополнителна, додатна настава во печатена или електронска форма.
- Секој наставник, заедно со инклузивните тимови за учениците има изготвено ИОП за учениците со посебни потреби
- Сите наставници редовно одржуваат воннаставни активности според годишните планирања кои се евидентираат во одделенските книги.

Придобивките од воннаставните активности се освоените награди, медали, пофалници, дипломи и афирмацијата на училиштето.

- Секој ученик има можност да одбере активност според желбата и интересот.
- Во наставата редовно се применуваат искуства од посетените семинари
- Одржување на повремени интерни работилници во почетокот на годината за подготовка на НПП во одделенска настава.
- Во училиштето има пропишани периоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот и стручната служба.
- Стручните активи разменуваат искуства и идеи за планирање преку примена на ИКТ.
- Распоредот на часовите е навремено изработен и истакнат на видно место.
- Во училиштето се користат разновидни наставни форми и методи ( вклучувајќи употреба на ИКТ ).
- Задачите што се работат во училиштето или дома се добро испланирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите.
- Наставниците редовно ги споделуваат со учениците целите на наставата и очекуваните исходи од учењето.
- Сите наставници се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање.
- Учениците училиштето го доживуваат како стимулирачка и мотивирачка средина која поттикнува интерес за учење.
- Наставниот кадар и стручната служба ги идентификуваат образовните потреби на учениците и преземаат активности за нивно остварување.

- Наставниците во процесот на поучување користат различни техники.
- Училиштето ги применува позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците.
- Сите наставници користат различни методи и инструменти за оценување и редовно им даваат повратна информација на учениците за нивната работа.
- Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на наставата според нормативот. Исто така училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности.

**Слабости**

- Од гледна точка на секојдневна рефлексија во наставниот процес, воочивме дека наставниот кадар, не е вклучен во процесот на  изготвување на националните планови и програми.

**Приоритетни подрачја (идни активности)**

Вклучување на родителите и заедницата во планирање, организација и реализација на културно – јавните настани, наставните и вонаставни активности во училиштето, преку поставување на работен календар на претстојните активности на веб старана на училиштето и простор за предлози и коментари преку кои родителите,локалната и деловна заедница ќе имаат можност да ги искажат своите идеи и иницијатива за соработка.

# ПОДРАЧЈЕ 2 - ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

| **ПОДРАЧЈЕ 2** | **ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ** |
|---|---|
| **Членови на работната група:** | Кети Христовска, Жанета Шумкоска, Ленче Зајковска, Благица Димчева, Данче Гиговска, Симона Пецова |
| Индикатори за квалитет | |
| 2.1. Постигања на учениците | 2.1.1. Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациони периоди;<br>2.1.2. Подобрување на постигањата на учениците;<br>2.1.3. Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развој;<br>2.1.4. Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава;<br>2.1.5. Следење на хоризонталното и вертикалното движење;<br>2.1.6. Подобрување на интеркултурните компетенции кај учениците. |
| 2.2. Задржување / осипување на учениците | 2.2.1. Опфат на учениците<br>2.2.2. Редовност во наставата<br>2.2.3. Осипување на учениците<br>2.2.4. Премин на ученици од едно училиште во друго |
| 2.3. Повторување на учениците | 2.3.1.Ученици, кои не ја завршуваат годината / образованието |

## 2.1. Постигања на учениците

| | |
|---|---|
| Теми: | 2.1.1. Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациони периоди;<br>2.1.2. Подобрување на постигањата на учениците;<br>2.1.3. Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развој;<br>2.1.4. Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава;<br>2.1.6. Следење на хоризонталното и вертикалното движење;<br>2.1.7. Подобрување на интеркултурните компетенции кај учениците. |
| Извор на податоци | |
| Електронски дневник<br>Годишна програма за работа на училиштето<br>Годишен извештај од педагошко-психолошката служба<br>Прегледи за успех од тримесечје<br>Полугодишен и годишен извештај за работа на училиштето<br>Записници од Наставнички совет и одделенски совети<br>Записници од стручни активи | **2.1.1.** Училиштето ги следи постигањата и поведението на учениците според пол и етничка припадност по сите наставни предмети и за сите квалификациони периоди по години и паралелки.<br>Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците и тие резултати се сумираат на полугодие и на крајот на учебната година по сите наставни предмети и тоа според полот и етничката припадност на учениците.<br>Споредба на успехот во текот на последните две години (од IV до IX одд.) |

| Учебна година | Среден успех |
|---|---|
| 2021 / 2022 | 4,57 |
| 2022 / 2023 | 4,56 |

| | |
|---|---|
| Анкети со наставници, родители и ученици<br>Извештаи од стручна служба<br>Споредбени прегледи од резултати од оценувањето<br>Разговор со стручна служба<br>Програма за додатна и дополнителна настава<br>Правилник за видови пофалби, награди и педагошки мерки за учениците и начинот на нивна примена<br><br>Извештаи за успехот и редовноста и во учебните: 2021/22 и 2022/23 год.<br><br><br><br><br><br><br>Список на освоени награди има во Годишниот извештај за работа на училиштето<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>Педагошко-психолошка служба, досиеја на ученици со ПОП | * Средниот успех на учениците за учебната 2022/2023 година е пресметан без еден ученик од VIII 1 одделение кој е неоценет на крајот од годината.<br>Во однос на средниот успех не се забележуваат поголеми статистички разлики. Исто така не постои разлика во постигнатиот успех по националност и пол.<br>Родителите редовно се известени за постигањата на учениците преку родителски состаноци, индивидуални средби и приемни денови, а исто така и преку навремено пополнување на електронскиот дневник од страна на наставниците.<br>**<u>2.1.2.</u>** Согласно резултатите добиени од анализата на податоци, а со цел континуирано подобрување на постигањата на учениците се планираат и превземаат следниве активности:<br>• дополнителна настава за ученици кои имаат потешкотии во совладување на наставата според распоредот за дополнителна настава;<br>• додатна настава за надарени и талентирани ученици според распоредот за додатна настава;<br>• индивидуална образовна програма за деца со посебни потреби;<br>• се организираат слободни ученички активности (во одделенска и предметна настава);<br>• се организираат училишни, општински, регионални, државни и меѓународни натпревари;<br>• проекти и училишни работилници<br>Секој наставник на почетокот на учебната година изготвува годишна програма за овие форми на настава. На ниво на предметна настава се изработува распоред за реализација на овие програми, според планираниот број на додатни, дополнителни часови и часови за слободни активности во рамките на една паралелка.<br>За објективно оценување и вреднување на стекнатите знаења на учениците се користат контролни задачи, неформални тестови на знаења и писмени работи. Оценувањето е континуирано со постојано следење на развојот на ученикот со однапред утврдени критериуми и стандарди за потребното ниво, кои помагаат за подобрување на општиот успех на учениците<br>За постигнатиот успех од натпревари, конкурси, настапи учениците редовно и јавно се пофалуваат. Секоја година се бира и Првенец на генерација од деветтоодделенците, а воедно по повод Денот на просветителите 24 Мај најдобрите ученици, како и учениците кои земаат активни учества во воннаставните активности јавно се пофалуваат и наградуваат со пригодни награди. На тој начин го промовираме успехот и постигањата на учениците.<br>Учеството на натпревари исто така делува мотивирачко за учениците. Нашите ученици континуирано земаат учество на општински, градски, регионални, државни и меѓународни натпревари, постигнувајќи солидни резултати. Покрај освоени прво, второ и трето место, дел од учениците имаат освоено и пофалници според освоените бодови.<br>**<u>2.1.3.</u> Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развој;**<br>Училиштето има развиен систем и политика за идентификација и поддршка на учениците кои имаат потешкотии во учењето, надарените ученици, како и учениците со ПОП и континуирано го следи нивниот напредок во соработка со родителите на тие ученици. Учениците со тешкотии во учењето, а и оние со посебни образовни потреби, најпрво се идентификуваат при опсервацијата за време на уписот во прво одделение (прашалници во кои родителот сам укажува на проблеми со детето, мислења од Заводот за ментално здравје, мислење од Стручното тело на Меѓународна класификација на функционирање, |

| | |
|---|---|
| Интервју со педагог, психолог и специјален едукатор и рехабилитатот во училиштето<br><br>Интервју со наставниот кадар | попреченост и здравје, лекарска потврда), а доколку подоцна се воочи проблем, се разговара со наставникот, ученикот и родителот.<br>За учениците со посебни образовни потреби се формираат инклузивни тимови на ученик кои изработуваат прилагодени програми, каде се предвидени и опфатени времето на реализација на активностите, нивото на постигнување според способноста на ученикот и наставниците кои се вклучени.<br>За дел од учениците со посебни образовни потреби задолжителните и изборните предмети се реализираат со индивидуални или модифицирани образовни програми по препорака на МКФ.<br>Препознавањето на надарените ученици не е линеарен процес и е потребно постојана опсервација од страна на наставниците. Поради тоа секој наставник си води своја чек листа за препознавање и следење на талентираните ученици.<br>Во училиштето не се врши интерно тестирање во вистинска смисла на зборот, но се прават тестирања во форма на интерни натпревари по различни предмети на ниво на генерација, како би се селектирале најдобрите ученици кои ќе учествуваат на организираните натпревари. |
| Анкета со ученици / родители / наставници | **<u>2.1.4.</u>** Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава<br>Дополнителната како и додатната настава ја реализираат наставниците според планот и програмата во соработка со родителите на учениците кои во текот на редовната настава не постигнуваат задоволувачки резултати, односно постигнуваат натпросечни резултати и се потврдуваат со особена надареност и талентираност во одделни наставни предмети. На секое тримесечје, полугодие и крајот на годината се сумираат резултатите врз основа на кои се евидентираат постигањата на учениците. За учениците кои што имаат потешкотии во учењето се реализираат часови за дополнителна настава, но исто така се разговара со истите за начинот на кој учат (техники и постапки за полесно совладување на материјалот), како и разговори со родителите. Дополнителна настава се држи и за учениците кои пропуштиле одредени содржини и искуства, имаат нејаснотии во совладување на на материјалот, како и за ученици кои подолго отсуствувале од наставата поради болест.<br>Наставниците на почеток на учебната година истакнуваат распоред на приемен ден врз основа на кој родителите можат да ги посетат и се консултираат за напредокот на своето дете. Задолжително по завршување на тримесечје, полугодие и учебна година се организираат родителски средби на кој се соопштува успехот на учениците, а за учениците што потешко напредуваат, се организираат индивидуални средби на кои се посочуваат причините и слабостите во напредокот на учениците.<br>Врз основа на анкетите спроведени со учениците може да се согледа дека учениците и родителите се задоволни од реализацијата на дополнителната настава на која учениците имаат можност да ги дополнат своите знаења во непосреден и индивидуаилизиран контакт со наставникот. |
| Извештај од психолошко -педагошка служба<br><br>Програма за советување на родители | **<u>2.1.5.</u>** Следење на хоризонталното и вертикалното движење<br>Следењето за постигањата на учениците е застапено во Полугодишните и Годишните извештаи за работа на училиштето. Во нашето училиште сите ученици го завршуваат образовниот циклус. Во учебната 2022/23 година има 2 ученици кои го повторуваат одделението и една ученичка која не е оценета на крајот од школската година.<br>Редовно имаме сознанија дека сите наши ученици го продолжуваат своето образование. Средните училишта по писмен пат го известуваат нашето училиште кои ученици од нашето училиште продолжиле |

| | |
|---|---|
| | да се школуваат кај нив, но од нивна страна не добиваме информации за нивните постигања во новата средина.<br>Учениците се запознаваат на часовите по задолжителните и изборните предмети за разните струки и занимања, како и на слободните ученички активности и проектите. На одделенските часови се организираат работилници со учениците. Во текот на април и мај средните училишта вршат организирани презентации за деветтоодделенците.<br>Нашето училиште врши анкетирање на деветтодделенците се со цел да ги открие желбите и интересите на учениците за понатамошно школување во средните училишта. Соработници кои учествуваат во активностите за професионална ориентација на учениците се: педагог, психолог, одделенски раководители, родители, предметни<br>наставници и претставници од средните училишта. На учениците од деветто одделение им беше организирано заедничко следење на Дигиталниот саем за средно стручно образование, реализиран од страната на МОН. |
| | **2.1.6. Подобрување на интеркултурните компетенции кај учениците**<br>Како училиште со ученици од мешан етнички состав, училиштето става посебен акцент на развојот на интеркултурни компетенции, што се однесува на оспособување на учениците за разбирање и практикување на концептот (на различност) интеграција во живеењето во глобалниот свет на различности.<br>Се организираат заеднички активности за МИО, преку организирани меѓуучилишни средби со повеќејазични или еднојазични училишта, на кои се споделуваат искуства, се стекнуваат нови познанства, се планираат заеднички наставни и воннаставни активности, во кои се вклучени не само наставниците и учениците, туку и родителите како клучна алка во образовниот процес. |

## 2.2. Задржување-осипување на учениците

| | |
|---|---|
| Теми: | 2.2.1. Опфат на учениците<br>2.2.2. Редовност во наставата<br>2.2.3. Осипување на учениците<br>2.2.4. Премин на учениците од едно училиште во друго |
| Електронски дневници<br><br>Закон за основно образование<br><br>Податоци и извештаи од психолошко - педагошка служба<br><br>Податоци од одделенски раководители и електронски дневник<br><br>Податоци од административна служба (секретарот ) и главна книга | **<u>2.2.1.</u>** Опфат на учениците<br>Во Законот за основно образование стои дека основното училиште е должно да ги опфати учениците од својот реон, но и може да запише ученици од друг реон или од друга општина само доколку има слободни места за запишување. Во однос на опфаќање на учениците во нашето училиште се примаат ученици кои што припаѓаат и на нашиот реон, но и ученици од другите реиони, чиишто родители се изјасниле дека сакаат нивните деца да учат во нашето училиште. Училиштето има податоци за опфатот на децата за упис во прво одделение, истакнува соопштение за почетокот и условите за уписот во прво одделение. Исто така се изработуваат флаери за информирање на родителите за условите во нашето училиште и се посетуваат градинките во нашиот реон.<br><br>**<u>2.2.2.</u>** Редовност во наставата<br>Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците според пол и етничка припадност, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности за намалување на отсуствата од настава. |

<table>
<tr><td>Програма за работа и извештај за работа на училиштето<br><br>Правилник за педагошки мерки<br><br>Известувања од МОН и ДПИ</td><td>Од досегашните извештаи на одделенските раководители во сите одделенија постојат идентификувани поединци – ученици кои се повеќе подложни на отсуство од настава поради оправдани и неоправдани отсуства. Овие евидентирани отсуства не се ниту од етничка, ниту од економска природа. Сето ова е евидентирано со изостаноци во електронскиот дневник.<br>Оправданите и неоправданите изостаноци се евидентирани во електронскиот дневник и извештаите на одделенските раководители. Споредбен преглед за 2021/22 и 2022/23 година:<br><table><tr><th>ИЗОСТАНОЦИ</th><th>2021/2022</th><th>2022/2023</th></tr><tr><td>оправдани</td><td>12478</td><td>14565</td></tr><tr><td>неоправдани</td><td>59</td><td>169</td></tr><tr><td>вкупно</td><td>12537</td><td>14734</td></tr></table>При анализа на изостаноците може да се заклучи дека неоправдани изостаноци од I-V нема, додека во предметна настава евидентно е дека неоправданите изостаноци линеарно се зголемуваат со возраста.<br>За подобрување на редовноста на учениците превземени се соодветни мерки.<br>Училиштето се обидува да најде најразлични модуси да се справи со задржувањето на учениците во училиштето. Пред се, се обидува да го најде генераторот на проблемот, на што се должат изостаноците.<br>- Се врши едукација на учениците од страна на класните раководители за важноста на континуирано следење на наставата од страна на учениците.<br>-Постојани контакти на класните раководители со родителите на учениците кои отсуствувале од наставата за причините на нивното отсуство.<br>-Задолжително барање на медицинска белешка за потврдување на причините поради кое ученикот не бил во можност да ја посетува наставата.<br>- Реализација на дополнителна настава со учениците кои подолго отсуствувале од наставата, за полесно совладување на материјата која ја пропуштиле.<br>Во нашето училиште се спроведува програмата за советување на родители на ученици во основните училишта. Советувањата се вршат според потребите и поканите што класните раководители и одделенските наставници ги доставиле до психологот на училиштето.<br>Успехот и поведението на учениците се предмет на постојана опсервација на училиштето. За таа цел се превземаат и мерки на ученици за несоодветно однесување. Во врска со ова не постои диференцијација според полот, етничка припадност и социјално потекло.<br>Училиштето има политика на бележење и следење на изостанувањата.</td></tr>
<tr><td></td><td><u>2.2.3.</u> Осипување на учениците<br><u>2.2.4.</u> Премин на учениците од едно училиште во друго<br>Училиштето го следи осипувањето на учениците и ги анализира причините.<br>Во учебната 2021/22 год. испишани се 18 ученици, а новозапишани се 17 ученици.<br>Во учебната 2022/23 год. испишани се 34 ученици и 7 новозапишани ученици.<br>Бројот на отпишување на ученици е зголемен поради преселба, а голем е бројот и на ученици кои со своите семејства ја напуштаат државава.<br>При преминување на учениците од едно во друго училиште се запазува постапката за уредно водење педагошка евиденција и документација и навремено доставување на информации за ученикот и истите ги зема во предвид при натамошна образовна работа со ученикот.</td></tr>
</table>

## 2.3 Повторување на учениците

| Теми: | 2.3.1 Ученици што не ја завршуваат годината / образованието |
|---|---|
| Во учебната 2022/2023 година два ученика не ја завршија учебната година поради недоволен успех , а една ученичка не го заврши одделението, затоа што беше неоценета поради голема отсутност.<br>Во учебните 2021/2022 и 2022/2023 година нема ученици оставени на продолжителна настава. Учениците со една, две и три негативни оцени во текот на годината биле повикувани на дополнителна настава. Со тие ученици и со нивните родители е разговарано и предочено за слабостите и пропустите во стекнување на знаењата. Тие ученици ги поправиле негативните оценки и го подобриле успехот на крајот од учебната година.<br>Исто така учениците и родителите се запознаени со политиката за напредување и наградување и со правото за поднесување жалба до Наставнички совет доколку постои незадоволство од оценки на крајот на учебната година. | |

**Резултати**

**Клучни јаки страни**
-Систематско следење на постигањата на учениците;
-Водење на индивидуален дневник со белешки за сите активности од страна на учениците;
-Наставниците планираат и превземаат конкретни активности за постојано подобрување на постигањата на учениците и заедно со педагошката служба се врши идентификација на ученици со тешкотии во учењето и ученици со посебни образовни потреби;
-Учениците може слободно да си ги покажат своите способности и интереси и надвор од часовите со помош на наставниците;
-Редовно и навремено советување на родители и ученици со намален успех и нередовност во наставата;
-Реализирање на дополнителна и додатна настава;
-Редовно учество на натпревари и постигнување добри резултати;

**Слабости**
-Осипување на учениците

**Приоритетни подрачја (идни активности):**
Намалување на осипувањето на учениците и поактивно вклучување на родителите во процесот за подобрување на постигањата на учениците во целиот воспитно-образовен процес.

# ПОДРАЧЈЕ 3 - УЧЕЊЕ И НАСТАВА

| ПОДРАЧЈЕ 3 | УЧЕЊЕ И НАСТАВА |
|---|---|
| **Членови на работната група:** | Марина Станковиќ, Валентина Лена Вељан, Сања Пиперевска, Ана Покупец, Весна Миливоевиќ, Вања Петровска |
| **Индикатори за квалитет** | **Теми** |
| **3.1. Планирање на наставниците** | 3.1.1. Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>3.1.2. Индивидуални планирања на наставниците<br>3.1.3. Размена на искуства и информации при планирањето<br>3.1.4. Распоред на часови |
| **3.2.Наставен процес** | 3.2.1. Наставни форми и методи<br>3.2.2. Употреба на ИКТ во наставата<br>3.2.3. Избор на задачи, активности и ресурси<br>3.2.4. Приодот на наставникот кон учениците<br>3.2.5. Интеракција меѓу наставниците и учениците<br>3.2.6. Следење на наставниот процес |
| **3.3.Искуства на учениците од учењето** | 3.3.1.Средина за учење<br>3.3.2. Атмосфера за учење<br>3.3.3. Поттикнување на учениците за превземање одговорност<br>3.3.4. Интеракција на учениците меѓу себе |
| **3.4.Задоволување на потребите на учениците** | 3.4.1. Идентификување на образовните потреби на учениците<br>3.4.2. Почитување на различните потреби на учениците во наставата |
| **3.5.Оценувањето како дел од наставата** | 3.5.1. Училишна политика за оценување<br>3.5.2. Методи и форми и инструменти на оценување<br>3.5.3. Користење на информациите од оценувањето во наставата |
| **3.6.Известување за напредокот на учениците** | 3.6.1. Известување на родителите за напредокот на учениците |

## 3.1. Планирање на наставниците

| Теми: | 3.1.1. Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>3.1.2. Индивидуални планирања на наставниците<br>3.1.3. Размена на искуства и информации при планирањето<br>3.1.4. Распоред на часови |
|---|---|
| Годишни планирања на наставниците, тематски планирања, дневни подговтовки (планирања)<br>Записници од состаноците на струќните активи<br>Разговор со директор | **3.1.1. Поддршка и следење на планирањата на наставниците**<br>Училиштето има пропишани приоди и утврдени процедури за следење на планирањата на наставниците од страна на директорот и стручната служба. Училиштето има изготвено инструменти за следење на квалитет на планирањата и подготовка за наставата. Се врши проверка на успешната реализација најмалку два пати во едно полугодие од директорот и од стручната служба. |

| | |
|---|---|
| Разговор со стручната служба | |
| Разговор со стручната служба<br><br>Анкетен лист за наставници<br><br>Годишни, тематски планирања и дневни подготовки | **3.1.2. Индивидуални планирања на наставниците**<br>Наставниците редовно и навремено ги изготвуваат Годишните планирања во согласност со наставниот план и наставните програми донесени од МОН. Сите наставници редовно изготвуваат годишни, тематски и дневни планирања. Планирањата на наставниците ги содржат сите елементи за успешна организација и реализација на часот. Во тематските и дневните планирањата на наставниците јасно се дефинирани целите, очекуваните исходи од учењето како и наставните техники и методи. Планирањата на домашните задачи се надоврзуваат со наставните содржини. Начинот на оценување е јасно утврден во планирањата, а како информација оценувањето наставникот го користи за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето. Во годишните планирања кај сите наставници вметнати се содржини кои ќе се реализираат со примена на ИКТ.<br>Освен за наставниот предмет, наставниците изготвуваат годишно планирање за одделенскиот час, вonнаставните активности, дополнителна и додатна настава, програма за стручен актив, програма за изборните предмети. За наставниците приправници, менторите изготвуваат програма за работа. |
| Записници од одговорните на активите<br>Записници од стручна служба, специјален едукатор и родители | **3.1.3. Размена на искуства и информации при планирањето**<br>Наставниците планираат во рамките на стручните активи и разменуваат искуства и идеи за планирањето преку примена на ИКТ, регионална соработка со други училишта, користење меѓународни искуства и сл.<br>Застапено е интегрирање на наставните содржини со два до три наставни предмети (најчесто се користат за отворен час).<br>За учениците со ПОП наставниците ја реализираат наставата прилагодена со училишниот специјален едукатор-дефектолог, стручната служба и родителите.<br>Сите наставници беа вклучени во обуките организирани од страна на БРО. |
| Истакнат распоред на видно место | **3.1.4. Распоред на часови**<br>Распоредот на часови се изготвува навремено од страна на одговорен наставник, кој го планира врз основа на просторните и кадровските можности на училиштето. Исто така се изработува распоред за додатна и дополнителна настава.<br>Распоредите се истакнати на видно место во училиштето. |

## 3.2.Наставен процес

| | |
|---|---|
| Теми: | 3.2.1. Наставни форми и методи<br>3.2.2. Употреба на ИКТ во наставата<br>3.2.3. Избор на задачи, активности и ресурси<br>3.2.4. Приодот на наставникот кон учениците<br>3.2.5. Интеракција меѓу наставниците и учениците<br>3.2.6. Следење на наставниот процес |
| Анкета за наставници<br>Посета на час од страна на стручна служба и директор<br>Тематски и дневни планирања на наставниците | **3.2.1. Наставни форми и методи**<br>Најголем број од наставниците во зависност од наставните теми што се изучуваат, користат разновидни наставни форми (фронтална, индивидуална, во парови или групна). Исто така наставниците користат различни добро испланирани наставни методи што соодветствуваат на потребите на учениците и предметот што го изучуваат како: метод на разговор, метод на усно излагање, работа со текст, илустриран метод, практични и лабораториски вежби, метод на демонстрација, метод на решавање на проблеми, метод на истражување, квизови, игри, натпревари и |

| | |
|---|---|
| | слично, со што успешно ги развиваат индивидуалните способности за учење на секој ученик, како и компетенцијата за претприемништво и вештини за соработка, комуникација, критичко мислење, решавање проблеми, креативност и иновација. |
| Интервју со одговорен наставник за ИКТ<br>Анкета за наставници | **3.2.2. Употреба на ИКТ во наставата**<br>Во училиштето има 23 десктоп компјутери, 7 лаптопи, 12 смарт табла, 2 мимио табли и 2 лцд проектори. Најголем дел од наставниците се обучени за употреба на ИКТ и нови образовни технологии во наставата. |
| Разговор со стручни активи | **3.2.3. Избор на задачи, активности и ресурси**<br>При изборот на задачи и активности за учениците се поттикнува нивното активно учество во наставата. При посета на часовите констатирани се различни форми, методи и современи наставни техники кои овозможуваат квалитетна интеракција на релација наставник – ученик и ученик – ученик. Ваквиот начин е застапен на часовите за нови наставни содржини, вежби и утврдување на знаење. Често се користат наставни листови, решавање на проблемски ситуации и слободна размена на мислење.<br>Изборот на задачите е приспособен и со учениците за кои што се изготвуваат ИОП-и. |
| Анкета за ученици<br>Разговор со стручна служба и стручни активи | **3.2.4. Приодот на наставникот кон учениците**<br>Сите наставници се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање. При тоа не прават разлика меѓу учениците според нивниот пол, социјалното потекло, етничката и религиска припадност. Наставниците не користат полови, етнички, религиски и други стереотипи во комуникацијата со учениците и забрануваат таквите стереотипи да ги користат и самите ученици. Спроведена е интерна анкета на учениците од страна на Директорот и стручната служба што му овозможува на наставниот кадар увид за сопственото работење и можност за надградување на истото. |
| Анкета за ученици<br>Стрчни активи | **3.2.5. Интеракција меѓу наставниците и учениците**<br>Наставниците редовно ги споделуваат со учениците целите на наставата и очекуваните исходи од учењето и тие им се јасни на сите ученици во секоја фаза на учењето. Поучувањето е соодветно на возраста и нивото на образование на учениците. Се користат различни методи на интеракција со учениците што се во насока на промовирање на учењето и градење на довербата меѓу наставниците и учениците. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата и нивниот придонес се цени. Наставниците користат позитивни приоди да ги мотивираат учениците преку пофалби кога е тоа соодветно. Учењето во училницата е активно, динамично и има работна атмосфера. |
| Интервју со директор и педагошко психолошка служба | **3.2.6. Следење на наставниот процес**<br>Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес, истата редовно се применува, а секој наставник се посетува на час најмалку два пати во полугодие од директорот и стручната служба. Постои пракса на размена на искуства преку следење на работата од колеги од стручниот актив. Наодите од следењето се користат за подобрување на наставниот процес. |

## 3.3.Искуства на учениците од учењето

| | |
|---|---|
| Теми: | 3.3.1. Средина за учење<br>3.3.2. Атмосфера за учење<br>3.3.3. Поттикнување на учениците за превземање одговорност<br>3.3.4. Интеракција на учениците меѓу себе |
| Анкета за ученици | **3.3.1. Средина за учење**<br>Учениците ги доживуваат училниците и другите простории во училиштето како стимулирачка и мотивирачка средина, која поттикнува интерес за учење. |

| | |
|---|---|
| | Секоја училница е опремена со современи нагледни средства, помошни материјали и литертура. Наставникот обезбедува безбедна средина за учење во која ученикот се вредува и почитува. Исто така креира образовна средина која поттикнува учениците да превземаат одговорност за одржување и чување на нагледните средства и училишниот инвентар, како и учество во збогатување на средината со свои изработки. |
| Анкета за ученици | **3.3.2. Атмосфера за учење**<br>Учениците се задоволни што учат во училиштето. Сметаат дека полесно се учи ако материјалот е поврзан со практични примери од секојдневниот живот имплементирани на интересен начин. Наставниците структурираат динамична атмосфера за учење за да обезбедат континуирани можности за учениците да ги развијат планираните и спонтаните истражувања преку:<br>- донесување одлуки и избори<br>- употреба на материјали на флексибилен и имагинативен начин<br>- иницирање на истражување и поставување прашања,<br>- взаемна соработка со со учениците и наставниците<br>- одржување на нивните интереси и проширување на знаењето - развој на разбирањето |
| Анкета за ученици | **3.3.3. Поттикнување на учениците за превземање одговорност**<br>За време на часот, најголем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Најголем дел од наставниците не критикуваат ученици пред други ученици или возрасни. Сите ученици учествуваат во активностите за време на часот. Учениците сметаат дека имаат можност да го искажат своето мислење и тоа да биде сериозно земено предвид при решавањето на проблеми и одлучувањето.<br>За поттикнувањето на учениците за превземање на одговорност најголема улога има нивното учество во ЕКО проектите, ПХВ (Проект за хумани вредности) во соработка со Црвен крст. Преку овие проекти учениците превземаат одговорност и се подига свеста за зачувување на природната средина, за хуманоста и взаемното почитување. |
| Анкета за ученици | **3.3.4. Интеракција на учениците меѓу себе**<br>Учениците превземаат различни одговорности во училиштето (во и вон наставата). Учениците сметаат дека училиштето низ организирани форми, поттикнува, мотивира и остварува соработка меѓу учениците во училиштето. Учениците заеднички работат на различни проекти, во и вон наставата, во групи со различен состав и големина. Учениците се чувствуваат прифатени во паралелката и училиштето. |

## 3.4.Задоволување на потребите на учениците

| Теми: | **3.4.1. Идентификување на образовните потреби на учениците**<br>**3.4.2. Почитување на различните потреби на учениците во наставата** |
|---|---|
| Интервју со педагошко психолошка служба<br><br>Анкета за наставници | **3.4.1. Идентификување на образовните потреби на учениците**<br>Наставниот кадар ги воочува недостатоците и пречките во процесот на учење кај учениците и превзема активности за нивно отстранување. Одржуваат дополнителна настава и разговараат со учениците и родителите за постигнатиот успех. Во училиштето се спроведува проектот: „Образование за сите“ кој се однесува на обезбедување на индивидуална и соодветна поддршка на учениците со попреченост во воспитно-образовниот процес, преку ангажирање на образовни и лични асистенти кои ја реализираат потребната поддршка, а со цел стекнување квалитетно образование за секој ученик и реализирање на неговиот целосен потенцијал.<br>Стручната служба има изработено инструмент-идентификациона листа, која е поделена на сите наставници која ќе му помогне на секој наставник да |

| | |
|---|---|
| | препознае талентирани ученици. За учениците кои покажуваат особен интерес за одреден предмет се организира додатна настава. Додатната настава има за цел проширување, систематизирање и збогатување на знаењата од одреден предмет, поттикнување на интереси и способности на учениците. |
| Разговор со стручни активи во училиштето | **3.4.2. Почитување на различните потреби на учениците во наставата**<br>Наставниците преземаат одговорност и го прилагодуваат учењето во функција на задоволување на индивидуалните образовни потреби на секој ученик. Со тоа се охрабруваат и поттикнуваат и послабите ученици да учат и да го достигнат својот максимум. |

## 3.5.Оценувањето како дел од наставата

| Теми: | **3.5.1. Училишна политика за оценување**<br>**3.5.2. Методи, форми и инструменти на оценување**<br>**3.5.3. Користење на информациите од оценувањето во наставата** |
|---|---|
| Интервју со директор и педагошко-психолошка служба<br>Записници од одделенски совети<br>Оценување | **3.5.1. Училишна политика за оценување**<br>Во училиштето целосно се применуваат законските прописи кои го регулираат оценувањето на учениците. Се применува критериумот и стандардите за оценувањето на постигнувањата на учениците креиран од страна на БРО со кој се запознати учениците и родителите. |
| Интервју меѓу наставници | **3.5.2. Методи, форми и инструменти на оценување**<br>Сите наставници користат различни методи и техники на формативно оценување (разговор со учениците, пишана повратна информација, усна повратна информација, домашна работа,наставни листови, тестови, следење на работата на<br>секој ученик посебно), сумативно оценување (критериуми и стандарди пропишани од БРО, задачи со различни тежински нивоа и инструменти за формативно и сумативнооценување. Преку овие методи и форми наставниците континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците. Учениците се вклучени во процесот на оценување преку самооценување, меѓусебно оценување.<br>Учениците редовно добиваат повратна информација од наставниците за нивните постигнувања. |
| Интервју меѓу наставници<br>Педагошка служба<br>Полугодишен и годишен извештај | **3.5.3. Користење на информациите од оценувањето во наставата**<br>Информациите за оценувањето на учениците ги користат сите наставници, стручната служба за подобрување на постигнувањата на учениците како и годишниот просек за успех на училиштето. |

## 3.6.Известување за напредокот на учениците

| Теми: | **3.6.1. Известување на родителите за напредокот на учениците** |
|---|---|
| Записници од родителски средби<br>Записници од стручна служба<br>Записници од одделенски совети<br>Записници од наставнички совети | Преку евидентните листови родителите се информираат за напредокот на нивните деца како и редовното следење на е-дневникот.<br>Училиштето има календар за приемни денови за секој наставник (и истиот е поставен на видно место во училиштето) кои родителите ги користат за добивање на информации за постигањата, напредокот и редовноста на учениците. Во случај на послаб успех и нередовност се вклучува стручната служба со одредени препораки. Согласно *Правилникот за пофалби, награди и педагошки мерки во ООУ Свети Кирил и Методиј* се води евиденција при изрекување на педагошки мерки кои редовно се доставуваат до родителите.<br>Училиштето организира редовни, како и вонредни родителски средби во зависност од потребите. |

**Резултати**

**Клучни јаки страни:**

- Годишните планирања по наставни предмети редовно се доставуваат на почеток на учебната година во стручната служба
- Примена на современи техники и методи за успешна реализација на наставните содржини
- Континуирано следење на постигнувањата на учениците и превземање на активности за нивно подобрување
- Наставниците ги поттикнуваат учениците самостојно и критички да размислуваат, да соработуваат меѓу себе и да се почитуваат
- Наставниците редовно ги следат обуките од страна на БРО
- Во наставата редовно се применуваат искуства од посетените семинари
- Редовно следење на наставниот процес од страна на стручната служба и директор
- Стручните активи разменуваат искуства и идеи за планирање преку примена на ИКТ
- Распоредот на часовите, додатна и дополнителна настава е навремено изработен и истакнат на видно место
- Во училиштето се користат разновидни наставни форми и методи (вклучувајќи употреба на ИКТ)
- Задачите што се работат во училиштето или дома се добро испланирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите
- Редовно и навремено информирање на родителите за постигањата на учениците во учењето
- Сите наставници се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање
- Учениците училиштето го доживуваат како стимулирачка и мотивирачка средина која поттикнува интерес за учење

**Слаби страни:**

- Соработката помеѓу училиштето и родителите да се подигне на повисоко ниво, сè со цел да се подобрат воннаставните активности во училиштето

**Приоритетни подрачја (идни активности)**

Јакнење на мотивација за постигнување на поголем успех кај учениците со организираната додатна и дополнителна настава

# ПОДРАЧЈЕ 4 - ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

| **ПОДРАЧЈЕ 4** | **ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ** |
|---|---|
| **Членови на работната група:** | Даниела Крстевска, Дијана И.Коваческа, Александра Крстова, Чедомир Пановски, Жане Шаркова |
| Индикатори за квалитет | Теми: |
| **4.1.Севкупна грижа за учениците** | 4.1.1. Заштита од физички повреди и од елементарни непогоди<br>4.1.2. Превенција од насилство<br>4.1.3. Заштита од пушење, алкохол и од дрога<br>4.1.4. Квалитет на достапна храна<br>4.1.5. Поддршка на учениците со пречки во развојот/физичка попреченост<br>4.1.6. Грижа за учениците од социјално загрозени семејства |
| **4.2.Здравје** | 4.2.1. Хигиена и заштита од болести<br>4.2.2. Грижа за учениците со здравствени проблеми<br>4.2.3. Грижа за учениците со емоционални проблеми |
| **4.3.Советодавна помош за понатамошно образование на учениците** | 4.3.1. Давање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошното образование, доусовршување или вработување |
| **4.4. Следење на напредокот** | 4.4.1. Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците<br>4.4.2. Анализа на напредокот на учениците по паралелки |

## 4.1.Севкупна грижа за учениците

| | |
|---|---|
| **Теми:** | 4.1.1 Заштита од физички повреди и од елементарни непогоди<br>4.1.2 Превенција од насилство<br>4.1.3 Заштита од пушење, алкохол и од дрога<br>4.1.4 Квалитет на достапна храна<br>4.1.5 Поддршка на учениците со пречки во развојот/физичка попреченост<br>4.1.6 Грижа за учениците од социјално загрозени семејства |
| **Извор на податоци** | **Информации кои се собирани** |
| - Годишна програма на училиштето;<br>- Годишен извештај за работата на училиштето;<br>- План за евакуација и акционен план;<br>- Сертификати за обучен наставен кадар за укажување прва помош;<br>- Осигурителни полиси;<br>- Документ за извршена набавка на ПП апарати;<br>- Документ за громобранова инсталација; | **4.1.1 Заштита од физички повреди и од елементарни непогоди**<br>Училишната зграда и училишниот двор се безбедно место за престој на учениците. На спроведената анкета на прашањето “Се чувствувам безбедено и сигурно додека ја следам наставата “ 82,4% од анкетираните ученици одговориле се согласувам. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедноста на учениците во текот на наставата во училишната зграда и во училишниот двор и превзема различни активности за заштита на учениците од физички повреди и елементарни непогоди. Инфраструктурата во училиштето (мебел, скали, струјни места, подови, прозорци) се безбедни и не претставуваат опасност за учениците.<br>Поголемиот дел од наставниците се обучени за давање прва помош, преку обуки реализирани од страна на стручен тим на Црвен крст. Исто така, за време на состаноците на Подмладокот на Црвен крст |

| | |
|---|---|
| - Документ за извршена набавка на хидрантни уреди;<br>- Педагошка евиденција;<br>- Податоци за организирани предавања во училиштето;<br>- Распоред на дежурства на наставниците;<br>- Евиденција за ученици со емоционални, физички и социјални проблеми;<br>-Записници од индивидуални разговори со ученици и наставници;<br>- Известувања за ученици до соодветни институции;<br>- Дневници на паралелки;<br>-Бележници на наставници;<br>-Записници од работата на Совет на родители;<br>- Извештаи од соработка со локална средина;<br>- Копија од договор, сертификати на фирмата, тендерска постапка – огласи, податоци за организирана исхрана на учениците, склучен договор за доставување на храна, правилник за стандардите за исхраната и за оброците во основно училиште (МОН); разговор со операторот и вработените<br>- Разговор со секретар<br>- Записници од санитарен инспектор;<br>-Процедура за грижа на учениците со пречки во развојот/физичка попреченост ;<br>- Годишни програми и извештаи на стручната служба;<br>- Програма за работа на ПЦК- Клуб на Црвен Крст;<br>-Анкета со наставници, ученици и родители | одговорните ученици се обучуваат за давање на прва помош. Училиштето е снабдено со материјали за укажување на прва помош и означено катче за чување на материјалите за прва помош.<br>За безбедноста на учениците во училиштето е поставен 24 часовен видео надзор. Општината има обезбедено еден вработен од компанија за обезбедување кој го обезбедува влезот на училишната зграда и училишниот двор.<br>По претходно изготвен распоред за дежурства, по двајца наставници дежураат наутро при доаѓање на учениците, а за време на одморите дежураат по двајца наставници на секој кат и во периодот додека трае наставата дежураат по двајца ученици на главниот влез на училиштето.<br>Списокот на дежурства навремено се истакнува на видно место во наставничка канцеларија.<br>Во рамките на Годишната програма на училиштето постои програма за спасување и евакуација во случај на земјотреси и пожари. Училиштето има план за евакуација, акционен план и интерен акт за превземени мерки и активности за заштита на учениците и вработените во случај на елементарни непогоди. Истиот е истакнат во холот и училниците. Со учениците на часовите на одделенската заедница се разговара за постапките и однесувањето за време на елементарна непогода. Училиштето изготви план за евакуација при дојава за бомба во училиштето. Изготви соопштение за постапување на учениците при дојава за поставена екплозивна направа според препораките за постапување во ваков случај испратени до основните училишта од Одделение за превенција при СВР Скопје.<br>Во училиштето има три хидранти и вкупно 20 ПП апарати кои се распоредени по катови и се сервисираат во законски рок. Во училиштето беше реализирана обука за наставниците за практична примена на ПП апаратите со што поголем дел од вработените во училиштето се обучени за ракување со противпожарен апарат.<br>Училиштето има громобранска инсталација и извршено е мерење на истата. На улиците што се околу и во непосредна близина до училиштето има пешачки премини, семафор и сообраќајни знаци. Во училишниот двор има патеки за движење, мал терен за кошарка, а исто така има и паркинг со влез и излез за возила. Учениците и наставниците се осигурани преку осигурителна компанија УНИКА, а училишниот имот преку осигурителната компанија ХАЛК осигурување.<br>**4.1.2 Превенција од насилство**<br>Во училиштето има Куќен ред и Кодекс на однесување на сите структури. Истите се истакнати на видливи места, во ходниците на училиштето како и на веб страната на училиштето. Со нив се опфатени и дефинирани сите облици на однесување на учениците, наставниците и родителите. Куќниот ред е изработен од страна на стручните служби. Во училиштето се применуваат механизми за постапување и справување со појавите на насилство. Училиштето го применува Правилникот за изрекување на Педагошки мерки. Во училиштето има пропишан документ, правилник за Превенција од насилство односно за однесување на деца и возрасни во такви ситуации и како да се препознаваат лица, потенцијални вознемирувачи. Постои и интерен Правилник за видови пофалби, награди и педагошки мерки. Во училиштето се вршат низа активности, едукативни предавања и работилници за превенција од насилство. Тоа се реализира на часовите на одделенската заедница, преку активности организирани од училишниот Клуб на Црвен Крст, работилница организирана од секторот за малолетничка деликвенција на МВР, стручната служба на училиштето, наставници и други невладини организации. На прашањето „Училиштето ораганизира активности кои го поддржуваат моделот за меѓуетничка комуникација, соработка и толеранција помеѓу учениците“ 78,5% од родителите и 79,1% од учениците одговориле дека се согласуваат. |

| | |
|---|---|
| | Учениците и родителите се запознаени со правата, одговорностите и процедурите за разрешување на проблемски ситуации. Најчесто за тоа учениците се запознаваат на час на одделенската заедница, а родителите на родителските средби, преку разговори со стручната служба и директорот. Доколку постои сомневање за било каков облик на семејно насилство, наставникот го известува Тимот кој понатаму превзема чекори во консултација со Центарот за социјална работа. Доколку не може да се реши поплаката или проблемската ситуација, се вклучуваат и лица од соодветни институции. Во соработка со Национално координативно тело за заштита на децата од злоупотреба и занемарување на децата редовно се доставуваат информации.<br>**4.1.3 Заштита од пушење, алкохол и од дрога**<br>Училиштето има политика за забрана на пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање наркотични супстанции, што подразбира дека во училиштето не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба, не се консумира алкохол и не се дистрибуираат  и користат наркотични супстанции. Во ходниците, канцелариите и работните простории на училиштето има истакнати знаци за забрана за пушење. Се работи според предвидените постапки во Законот за заштита од пушење. Се организираат едукативни предавања за: Превенција од болести на Зависности (алкохол, цигари и дрога) и спречување и борба против трговија со луѓе. Овие предавања ги држат претставници од Невладини организации, лица од здравство, полициски службеници и Клуб на Црвен Крст. Во училиштето се реализираат и низа проекти како што се ПХВ проектот во соработка со ЦК; Меѓународен проект на Friends of Education и Erasmus+ „Robotics Versus Bullying – ROBY“ и сл. Учениците имаат слобода да побараат помош и поддршка доколку се соочат со било каков проблем или потешкотии во и надвор од училиштето што може да се види од спроведената анкета, на која 75,6% од анкетираните учениците се согласуваат дека стручните служби се отворени за соработка. Во училиштето и самите ученици имаат можност да партиципираат во решавањето на некои проблеми и донесување одлуки. Ваквите активности учениците особено ги реализираат на состаноците на Ученичкиот парламент, а исто така преку анкетни листови сами одбираат едукативни теми.<br>**4.1.4 Квалитет на достапна храна**<br>Учениците од I до III одд. кои следат целодневна настава имаат организирана исхрана, притоа водејќи сметка за стандардите и нормативите за исхрана за оваа категорија на деца. Послужувањето на топлите оброци (појадок, ручек, ужина) се реализира во училишната трпезарија, по одделенија во даден временски период. Редовно се проверува квалитетот на храната од релевантни институции. Досега не е забележана појава на труење на ученици од храна. Во училиштето се води кампања за здрава исхрана меѓу учениците. Од вкупниот број анкетирани  64,6%  одговориле се согласуваат дека во училиштето се води грижа за квалитетот на храната на учениците.<br>**4.1.5 Поддршка на учениците со пречки во развојот/физичка попреченост**<br>Во училиштето има пропишана процедура за грижа на учениците со пречки во развојот/физичка попреченост. Во неа се посочени насоки за физичка адаптација на училиштето за полесна адаптација и движење на учениците со телесни пречки. Во училиштето нема стази за колички, нема лифт, нема држачи, ниту посебен тоалет за ученици со телесна попреченост во развојот. Вработените и учениците имаат коректен пристап кон учениците со пречки во развојот. Сите се однесуваат со грижливост, внимание, емпатија и голема посветеност. Сензорната соба во училиштето за учениците со ПОП е опремена но не во целост, а заложбите на училиштето  истата континуирано да се дополнува  со дидактички материјал соодветен за потребита на учениците. |

| | |
|---|---|
| | **4.1.6 Грижа за учениците од социјално загрозени семејства**<br>Стручната служба на училиштето, во соработка со раководителите на паралелките и родителите/старателите, изработува анализа на социјалната структура на учениците на почетокот од секоја учебна година. Согласно на тоа, училиштето има увид за деца кои потекнуваат од социјално загрозени семејства и се изработува соодветен преглед со потребни податоци за тие ученици. Грижата за овие ученици е голема и училиштето им помага на разни начини, се организираат хуманитарни акции за собирање прехрамбени продукти, облека, хигиенски средства, училишен прибор и парични средства. Во соработка со доставувачот на училишна исхрана, училиштето обезбедува бесплатна ужинка и топол оброк за дел од учениците кои се социјално загрозени. Во соработка со туристичките агенции се обезбедува попуст за повеќедневни екскурзии. Во соработка со културните установи, за овие ученици организираме бесплатно следење театарски и кино претстави, фестивали и други културни активности, училиштето прави секакви напори да им помогне на учениците во соработка со ЈУ Центар за социјални работи - Скопје, Црвен Крст на РСМ, Општина Центар, хуманитарни и други организации. Општина Центар доделува стипендија на ученик од семејство од социјален ризик секоја учебна година според изработен критериум од страна на општината. |

## 4.2.Здравје

| **Теми:** | 4.2.1 Хигиена и заштита од болести<br>4.2.2 Грижа за учениците со здравствени проблеми<br>4.2.3 Грижа за учениците со емоционални тешкотии |
|---|---|
| **Извор на податоци** | **Информации кои се собирани** |
| -Годишната програма за работа на училиштето<br>- Куќен ред;<br>- Записници од надлежните органи за контрола на хигиена и здравје на учениците;<br>- Увид во евиденцијата за редовно одржување на хигиената во просториите во училиштето, од страна на техничкиот персонал;<br>-Увид во педагошката документација и евиденција;<br>-Планот за поддршка на учениците кои подолго отсуствуваат од настава | **4.2.1 Хигиена и заштита од болести**<br>Хигиената во училиштето е на задоволително ниво. Училиштето секојдневно воспитно и образовно делува посочувајќи им на учениците и на вработените како да ја одржуваат хигиената во просториите во кои претстојуваат. Учениците и вработените се грижат и ја одржуваат хигиена во просториите. Подот на училниците, ходниците и тоалетите за наставниците и учениците се чистат секојдневно. Пред почетокот на наставата, по големиот одмор и по заминувањето на учениците. Инвентарот, вратите и прозорците во училишниот простор се чистат според распоред. Тоалетите за учениците и наставниците се реновирани и секојдневно се чистат и хигиената во истите е задоволителна. Преку истакнати постери со сликовити пораки пред тоалетите, училиштето се грижи учениците правилно да ги користат тоалетите, да ја одржуваат личната хигиена и да се грижат за рационално користење на водата. Дворот на училиштето е чист, а еден дел е хортикултурно уреден.<br>Преку едукативни предавања и чести еколошки акции учениците постојано се едуцираат за развивање и поттикнување на еколошката свест (да ги фрлаат отпадоците во корпа и да го рециклираат отпадот). Во училиштето функционира Еко патрола која секојдневно ги посетува сите училници, проверува хигиена и одговорен однос кон потрошувачката на електрична енергија, со цел да се подигне еколошката свест кај учениците. Секоја учебна година училиштето врши дератизација, дезинфекција и дезинсекција на училишните простории. 69,2% од наставниците, 64.6% од родителите и 51,2% од учениците се согласуваат дека ,,Хигиената во училиштните ходници, училниците и дворот се одржува редовно”. |

-Увид во училишниот простор;

- Записници од индивидуални разговори со родители и ученици
- Спроведена анкета




Училиштето постапува по препораките и насоките на санитарната инспекција во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести. Грижата за здравјето на учениците е внимателно планирана и опфатена во Годишната програма за работа на училиштето. Училиштето е вклучено во едукативна програма на Стоматолошки факултет кој води кампања за Здрави заби на децата.

Во училиштето се вршат редовни систематски прегледи и имунизација на учениците во соработка со Поликлиника Бит Пазар. Се вршат редовни систематски и санитари прегледи на вработените во училиштето во избрани Здравствени установи.

**4.2.2 Грижа за учениците со здравствени проблеми**

Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Според интерен План за поддршка на учениците кои подолго отсуствуваат од настава, процедурите се спроведуваат во пракса за сите ученици кои имаат таков третман. Училиштето соработува со родителите, здравствените установи и центри за социјална работа. 72.1% од учениците се согласуваат дека „Училиштето води грижа за здравјето, правилен раст и развој на сите ученици“ и 89.7% од наставниците се согласуваат дека ,,Училиштето се грижи за здравјето на учениците и вработените во училиштето”.



| | |
|---|---|
| | Училиштето е вклучено во Проект „Исправи се“ во соработка со Општината, со цел дијагностички и превентивен скрининг преглед на `рбетниот столб и долните екстремитети на учениците од прво одделение од страна на лекарски тим од областа на ортопедијата. |
| | **4.2.3 Грижа за учениците со емоционални тешкотии** Училиштето се грижи за ученици со емоционални потешкотии, без оглед на изворот (семејни проблеми, насилство, негрижа и слично). Идентификацијата на учениците со емоционална попреченост и други проблеми ја вршат наставниците и стручната служба. За да им се помогне на овие ученици, наставниците и стручната служба имаат индивидуален пристап во работата. Училиштето има пропишана програма и план на активности за работа на ученици со емоционална попреченост во развојот. Педагогот, психологот и специјалниот едукатор и рехабилитатор во своите годишни програми имаат испланирано активности за работа со сите ученици со потешкотии и пречки во развојот, како и програма план на активности за идентификување и грижа за ученици со емоционални и други проблеми. Стручната служба и наставниците превземаат соодветни активности, разговори и упатување на тие ученици и нивните родители до релевантни институции. Училиштето има постојана соработка со јавните здравствени установи, ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи – Скопје, Министерство за внатрешни работи и Полициска станица Центар. 89.7% од наставниците се согласуваат дека ,,Навремено ги откривам и се грижам за учениците со потешкотии во развојот и социо-емоционални проблеми”, 59,5% од родителите се согласуваат дека ,,Во училиштето се води грижа за учениците со разни видови на потешкотии во учењето и однесувањето” и 82.6% од учениците се согласуваат дека ,,Училиштето дава поддршка на ученици со пречки во развој”.   |

## 4.3.Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

| | |
|---|---|
| **Теми:** | 4.3.1 Давање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување |
| **Извор на податоци** | **Информации кои се собирани** |
| -Годишна програма и извештај на училиштето; | **4.3.1 Давање помош при избор на занимањето / институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување** |

| | |
|---|---|
| - Програма за професионална ориентација на учениците;<br>- Информативно пано за професионална ориентација;<br>- Флаери/презентации;<br>-Информации изготвени од стручната служба;<br>- Програма за работа на раководителите на паралелките | Во рамките на Годишната програма на училиштето има Програма за професионална ориентација на учениците. Стручниот соработник редовно дава јасни, точни и најнови информации за можностите за понатамошно образование и спроведува активности за професионална ориентација и правилен избор на идното занимање на учениците од деветто одделение. Стручната служба контактира со средните училишта и ги поканува да одржат предавање за учениците од 9-то одделение како би го претставиле училиштето. Претставници од средните училишта, најчесто на класните часови, вршат кратка презентација, одговараат на прашања на ученици, им делат брошури на учениците или споделуваат ПП презентација, како би се информирале за работата на училиштата. Реализирана посета на Саем за кариерно советување и Дигитален саем за стручно образование како би се информирале учениците за мрежата на средни училишта, занимањата кои се изучуваат во рамките на истите и условите за запишување.<br>Проследена е обука од страна на БРО наменета за стручните соработници на тема: Професионална ориентација на учениците- Зајакнување на учениците преку самопознавање и советување за кариерен развој. Педагошко психолошката служба во месец април спроведува низа тестирања на учениците, а за тоа ги користи прашалниците за Професионална ориентација и Тест на способности. Откако ќе се обработат податоците педагошко - психолошката служба врши индивидуално информирање и советување на учениците за нивното понатамошно образование. |

## 4.4. Следење на напредокот

| **Теми:** | 4.4.1 Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците<br>4.4.2 Анализа на напредокот на учениците по паралелки |
|---|---|
| **Извор на податоци** | **Информации кои се собирани** |
| -Евидентни листови за следење на постигањата на учениците (наставнички бележници);<br>- Дневник на паралелката;<br>- Извештаи и анализи;<br>- Педагошка евиденција и документација;<br>- Правилник за видовите на пофалби, награди и педагошки мерки;<br>-Записници од Совет на родители;<br>-Евиденција на заминати или новодојдени ученици (преведници и др.);<br>- Анализи за постигнатиот успех и поведението на учениците на крајот од првото тримесечие, полугодие и третото тримесечие. | **4.4.1 Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците**<br>Секојдневно и континуирано се води евиденција за напредокот, редовноста, поведението и развојот на учениците во училиштето која е достапна за сите заинтересирани субјекти кое се потврдува и со спроведената анкета на која 94,9% од наставниците одговориле дека потполно се согласуваат. Оваа евиденција се води во одделенските дневници, ученичките досиеа и годишните извештаи на училиштето. Училиштето води евиденција за напредокот на учениците во совладувањето на новите знаења (преку континуирано оценување – формативно и сумативно), присутност (редовно евидентирање на присутноста), нивното поведение (непосредно набљудување) и евиденција на изречени воспитни мерки. Ваквата евиденција им е достапна на сите наставници, родители и ученици. Родителите редовно, најмалку 4 пати годишно се известуваат за напредокот на учениците на родителски средби или на индивидуални средби – на отворениот ден на одделенскиот наставник, но контактираат и електронски, по пат на email, а ги следат и преку Е-дневникот. Напредокот на учениците се бележи и во евидентни листови за секое тромесечие. На крај на годината учениците добиваат свидетелство за постигнатиот успех. Наставниците на крајот на секое тримесечие и полугодие поднесуваат извештај за постигањата на паралелката. Со тие податоци учениците редовно се запознаваат на одд. часови, а родителите на родителски средби.<br>**4.4.2 Анализа на напредокот на учениците по паралелки** |

| | |
|---|---|
| | Стручната служба редовно изготвува тримесечни, полугодишни извештаи за напредокот на учениците по паралелки и одделенија, според податоците добиени од одд. раководители, а на наставничките совети се прават анализа на постигањата на учениците по паралелки и се предлагаат мерки за подобрување на истиот. Учениците кои постигнуваат забележителни резултати и освојуваат награди на државни натпревари се наградуваат со пригодна награда од училиштето.<br>Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес што се потврдува со анкетата каде на прашањето „Во училиштето ми се даваат јасни и точни информации за целокупната настава“ од вкупно 86 ученици, се согласувам одговориле 74,4%, делумно се согласувам 24,4%, не се согласувам 1,2%.<br>Преминувањето на учениците во друго училиште се спроведува согласно законот за основно образование. Училиштето применува законски постапки со договорени процедури при што доставува податоци за учениците кои преминуваат во друго училиште и има податоци за учениците кои доаѓаат од друго училиште. |

**Резултати**

**Клучни јаки страни**

- Училиштето претставува безбедна и стимулативна средина за учење и работа, безбедноста, хигиената и грижата за здравјето на учениците и вработените е на високо ниво;
- Севкупната грижа се води за сите ученици подеднакво без разлика на нивната социјална и материјална положба, полова и етничка припадност, а постои и разработена стратегија за задоволување на емоционалните, физичките и психичките потреби на учениците;
- Постои добра соработка со институции од локалната средина и надворешни стручни лица (Поликлиника Бит Пазар, ЈЗУ Завод за ментално здравје на деца и младинци, МВР, ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи на град Скопје, Црвен Крст, средни училишта и др.);
- Редовен поттик и насоки за правилен избор на идно образование;
- Училиштето во континуитет организира хуманитарни акции и хепенинзи со цел да се помогне на учениците од социјално ранливите категории како и друг вид хуманитарни акции и аукции;
- Училиштето ја поддржува инклузивноста и ги негува родовата сензитивност и мултикултурализмот;
- Наставниците во училиштето континуирано ги следат постигнувањата на учениците по наставни предмети и квалификациони периоди, планираат и преземаат конкретни активности за постојано подобрување на успехот на учениците и обезбедуваат поддршка во редовната настава за талентираните и надарени ученици, но и за учениците кои имаат потешкотии во совладување на наставниот материјал;
- Училиштето системски го следи почитувањето на кодексот на однесување на учениците и вработените, редовноста, дисциплината и поведението во текот на воспитно – образовниот процес;
- Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, одделенските / класните раководители и родителите на учениците. Родителите транспарентно се информирани за постигањата на учениците ( на родителски или индивидуални средби или со пристап во е - дневникот);
- Во училиштето се даваат јасни и точни информации во велокупната настава;
- Училиштето има прилагоден пристап за лица со телесни пречки, инфраструктурата во училиштето и дел од просториите се специјално опремени за нивно користење;

**Слаби страни**

- Училишниот простор не е приспособен за ученици со телесни пречки во развојот (нема соодветен тоалет и лифт).

**Идни активности:** приоритети од ова подрачје кои можат да бидат вклучени во планот за развој на училиштето

- Адаптирање на тоалет наменет за  учениците со телесен инвалидитет и поставување на лифт за пристапност

# ПОДРАЧЈЕ 5 - УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

| **ПОДРАЧЈЕ 5** | **УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО** |
|---|---|
| **Членови на работната група:** | Ирена Бакреска-Василевска, Ирена Тодороска-Пановска, Маја Јакимовска, Горица Бошкоска, Сојна Ѓорѓиевска и Лујза Наневска |
| Индикатори за квалитет | Теми: |
| **5.1.Училишна клима и односи во училиштето** | 5.1.1 Углед/имиџ на училиштето<br>5.1.2 Кодекс на однесување<br>5.1.3 Училишна клима<br>5.1.4 Поведение и дисциплина во училиштето<br>5.1.5 Учество на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки |
| **5.2.Промовирање на постигнувањата** | 5.2.1 Промовирање на личните постигнувања на учениците<br>5.2.2 Промовирање на постигнувањата во име на училиштето |
| **5.3.Еднаквост и правичност** | 5.3.1 Познавање на правата на децата<br>5.3.2 Еднаков и правичен третман на сите ученици<br>5.3.3 Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот |
| **5.4.Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница** | 5.4.1 Соработка на училиштето со родителите<br>5.4.2 Соработка со општината и урбаната зедница<br>5.4.3 Соработка со деловната заедница и со граѓанскиот сектор |

## 5.1.Училишна клима и односи во училиштето

| **Теми:** | 5.1.1 Углед/имиџ на училиштето<br>5.1.2 Кодекс на однесување<br>5.1.3 Училишна клима<br>5.1.4 Поведение и дисциплина во училиштето<br>5.1.5 Учество на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки |
|---|---|
| **Извор на податоци** | **Информации кои се собирани** |
| -Годишна програма на училиштето<br><br>-Годишен извештај на училиштето<br><br>-Евиденција на стручните службени извешти<br><br>-Статут на училиштето<br><br>-Правилник за оценувањето,напредувањето, полагањето | **5.1.1 Углед/имиџ на училиштето**<br>Најзначајниот сегмент на училиштето е 187 годишната континуирана работа која воспитно-образовниот процес го изведува на македонски мајчин јазик. Со тоа е препознатливо и како најстаро училиште во нашата држава во кое со гордост ја продолжуваме просветителската дејност на Јордан Хаџи Константинов – Џинот.<br>Покрај тоа училиштето се препознава по квалитетот на работата, постигнувањата на учениците, остварување на нашата мисија и визија.<br>Мисија: Училиштето се стреми кон развивање на социјален, интелектуален и академски прогрес на учениците. Обезбедуваме подеднаков напредок на учениците преку развивање на нивните таленти и потреби. |

| | |
|---|---|
| на испити, видови на пофалби, награди и педагошки мерки за учениците<br><br>-Web страна | Визија:Училиштето ги инспирира учениците до нивниот максимален потенцијал, а ведно ги мотивира и поттикнува на одговорно однесување и вредна работа. Училиштето верува во овие атрибути за да постигнеме единствен профил на ученик.<br>Меѓусебната почит, разбирање и соработка денес придонесуваат за успешната работа на ова училиште; освоените награди.<br>Наставниците и учениците се оние кои ја создаваат училишната клима, правилата кои ги почитуваат и по кои се водат.<br>Сето ова доведува до исполнување на високи образовни резултати во областа на наставните и воннаставните активности, со што се зголемува угледот и имиџот на училиштето.<br>Угледот – имиџот се гради преку реализирање на квалитетна настава; организирање разновидни воннаставни активности, проекти и изложби, освојување многубројни награди на различни натпревари, промовирање на постигнувањата на учениците како и реализираните активности преку: ТВ медиуми, веб страна на училиштето и на Општината, социјалните мрежи, соработка со локалната средина и институциите, постери и брошури за упис на првачиња и брошури за родителите на нашите ученици. Применувајќи современи техники и стратегии на учење и поучување ги оспособуваме учениците за активно учество во воспитно-образовниот процес, а воедно ги развиваме нивните способности за примена на стекнатите знаења и умеења во секојдневниот живот. |
| -Кодекс на однесување<br><br>-Куќен ред | **5.1.2. Кодекс на однесување**<br>Еден од битните елементи и клучен фактор во нашето училиште е Кодексот на однесување во кој се содржани принципите, правилата и обврските на однесување на сите структури во училиштето (раководен кадар, наставници, стручна служба, технички персонал, ученици и родители). Во изработката на кодексот учество земаат сите структури. Куќниот ред е поставен на видни места во училиштето. Постои и Правилник за изрекување на педагошки мерки со кои се регулира поведението и изостанувањето на учениците. Со овој правилник се запознати учениците, наставниците и родителите, а го има и на веб страната на училиштето. |
| -Анкети со наставници<br><br>- Анкета со родители<br><br>- Анкета со ученици | **5.1.3 Училишна клима**<br>Раководниот и наставен кадар во училиштето имаат важна улога за добрата атмосфера во училиштето. Односот на наставниците кон учениците се базира на почитување на личноста на ученикот, неговата индивидуалност и квалитети. Сите вработени постојано апелираат и ги упатуваат своите ученици на грижа за училиштето како и едни за други. Наставниците настојуваат сите ученици без разлика на вера, род, етничка припадност и способности да се чуствуваат прифатени и среќни во училиштето.<br>Вработените во училиштето имаат коректен однос кон родителите и им се достапни информации за сите активности во училиштето, во прилог оди и спроведената анкета меѓу родителите на којашто 80,4 % одговориле дека целосно се согласувааат со тврдењето, 15,2% делумно се согласуваат со тврдењето дека вработените во училиштето имаат коректен однос кон нив, а ниту еден не се изјаснил дека воопшто не се согласува со ова тврдење.<br>81,5 % од родителите се изјасниле дека постои взаемна почит, разбирање и толеранција меѓу наставниците и учениците, додека 18,5 % делумно се согласуваат со ова тврдење, но ниту еден не се изјаснил дека не постои взаемна почит и разбирање меѓу наставниците и учениците.<br>Од спроведената анкета меѓу родителите се заклучи дека кога учениците се соочуваат со лични проблеми, наставниците им пружаат соодветна поддршка, при што водат сметка за приватноста, довербата и достоинството на ученикот. На тврдењето дека вработените имаат еднаков однос кон сите |

| | |
|---|---|
| | ученици 60,9% од родителите целосно се согласуваат со тврдењето, додека 34, 8% делумно се согласуваат. Ниту еден не се изјаснил дека наставниците не водат сметка за приватноста, довербата и достоинството на ученикот.<br>Од спроведената анкета меѓу учениците дали другите ученици ме навредуваат, понижуваат и физички ме малтретираат во училиштето 51,9, % се изјасниле дека во целост се согласуваат, 33,3,% делумно се согласуваат со горенаведеното тврдење, додека 14,8% од анкетираните ученици не се согласуваат со тврдењето..<br>На тврдењето дека помеѓу наставниците и учениците владеат добри односи 59,3% од учениците одговориле дека целосно се согласуваат, 33,3% делумно се согласуваат, а 7,4% воопшто не се согласуваат.<br>На тврдењето „Во училиштето не поттикнуваат да се грижиме за другите„ 77,8% целосно се согласуваат, 18,5% делумно се согласуваат а ниту еден не се изјаснил дека не се согласува.<br>*На тврдењето дека во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените 69% од наставниците одговориле дека целосно се согласуваат, 30,8% додека ниту еден не се изјаснил дека не се согласува.<br>Дека во училиштето има добра работна атмосфера и за време на одржувањето на настава од далечина (во услови на пандемија) покажува и спроведената анкета меѓу наставниците на којашто 69,2% се изјасниле дека целосно се согласуваат, а 30,8% делумно се согласуваат, но ниту еден наставник не се изјаснил дека воопшто не се согласува со горенаведеното тврдење.<br>Од спроведената анкета на тврдењето „Ја познавам мисијата и визијата на училиштето„ 100% од наставниците во училиштето се изјаснија дека се согласуваат. |
| -Правилник за педагошки мерки<br><br>-Педагошка евиденција за изречените педагошки мерки во одделенскиот дневник и записници од наставнички совет | **5.1.4 Поведение и дисциплина во училиштето**<br>За поведението и дисциплината во училиштето се грижат сите наставници и стручната служба на училиштето. Работната атмосфера е присутна за време на наставата и вonнаставните активности.<br>За учениците со несоодветно однесување и оние кои не го почитуваат етичкиот кодекс на училиштето, одделенскиот раководител како и Одделенскиот совет изрекуваат соодветни педагошки мерки, според Правилникот за педагошки мерки на нашето училиште. Според истиот Правилник во учебната 2021/2022 год. на двајца ученици им бил изречен укор за несоодветно однесување. На крајот на учебната година овие педагошки мерки биле повлечени од Наставничкиот совет поради настанати позитивни промени кај учениците.<br>Во учебната 2022/2023 година, според Правилникот на училиштето , изречени се 22 педагошки мерки:<br>-усна опомена за несоодветно однесување кај 4 ученици<br>-усна опомена за неоправдани изостаноци кај 1 ученик<br>-писмена опомена за несоодветно однесување кај 2 ученика<br>-писмена опомена за неоправдани изостаноци кај 1 ученик<br>-укор поради несоодветно однесување кај 6 ученици<br>-намалено поведение поради несоодветно однесување кај 7 ученици<br>-намалено поведение поради неоправдани изостаноци кај 1 ученик<br>На крајот на учебната година , повлечени се сите педагошки мерки , а кај 1 ученик останува намелено поведение поради несоодветно однесување.<br>Вработените внимателно, но авторитетно се справуваат со проблемите во однос на дисциплината и редовноста. |

| | |
|---|---|
| -План за работа на одделенската заедница,<br><br>-План за работа на Ученичкиот парламент<br><br>- Записници од одржани состаноци на Ученичкиот парламент и ученичката заедница<br><br>- Анкета | **5.1.5 Учество на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки**<br>Во училиштето и самите ученици имаат можност да учествуваат во решавањето на некои проблеми и донесување одлуки. Оваа активност учениците ја реализираат преку состаноците на Ученичкиот парламент, Ученичката заедница, Ученичкиот правобранител како и на часовите на одделенската заедница. Според записниците од одржаните состаноци и годишниот извештај на училиштето, се согледува дека ученичката заедница работи според однапред утврдена програма и учениците се навремено и целосно информирани и се вклучени во донесување на одлуки од нивен интерес. Ученичката заедница ги опфаќа учениците од прво до деветто одделение  и Ученичкиот параламент од VI-IX одделение. Раководното тело е избрано на демократски начин со јасни критериуми и тајно гласање. Со мнозинство на освоени гласови истото е активно во застапување на интересот на учениците. Како најзначајни проекти на ученичкиот парламент може да се издвојат хуманитарните проекти и посетите на разни институции и знаменитости.<br>Според анкетата спроведена во училиштето, на прашањето “Дали функционира Училишниот Парламент и дали учениците имаат можност да учествуваат во решавање на одредени проблеми и донесување на одлуки ” – потврдно се изјасниле сите испитаници. Ова е јасен индикатор дека во училиштето активно и целисходно работи и учествува ученичката заедница со комлетно изработена програма за работа.<br>Меѓу другото вредни активности кои треба да ги споменеме, а од огромно значење се: ПХВ проектот, ХЕРА, работилница за „Детска недела и инклузивност„Инклузивна новогодишна работилница со ученици од ОУРЦ „д-р Златан Сремац„ на тема „ Новогодишните желби на сите деца„<br> Ученичка квизотека, кампања за врсничко насилство, работилница “Човекови права” и др.<br>Работилница со училишен парламент за ,,Унапредување на менталното здравје““<br>-Работилница за Down-ов синдром со ученици.<br>-Работилница за аутизам ,,Да го свртиме светот, додека тој не врти нас““ во присуство на градоначалникот на Општина Центар. |

## 5.2.Промовирање на постигнувањата

| | |
|---|---|
| **Теми:** | 5.2.1. Промовирање на личните постигнувања на учениците<br>5.2.2. Промовирање на постигнувањата во име на училиштето |
| **Констатирана состојба** | |
| Во изминатиов двегодишен период, учениците од нашето училиште освоиле вкупно 50 награди и многубројни признанија, благодарници и пофалници.<br>•*Во учебната 2021/22 г. освоени се:*<br>На Општински натпревари вкупно 4 места, од кои 1 прво место, 1 второ и 2 трети места.<br>На Регионални натпревари вкупно 1 прво место.<br>•*Во учебната 2022/23г. освоени се:*<br>На Општински натпревари вкупно 17 места, од кои 2 први места, 5 втори и 10 трети места.<br>На Регионални  натпревари вкупно 24 места, од кои 3 први места, 8 втори и 13 трети места.<br> На Државните натпревари вкупно 4 места, од кои 1 прво место, 1 второ место и 2 трети места. | |
| **Извор на податоци** | **Информации кои се собирани** |

| | |
|---|---|
| Годишен извештај<br>Тетратка за соопштенија<br>Записници од Одделенски и Наставнички состаноци<br>Пофалници, дипломи, награди<br>Изложени трудови на учениците<br>Медиумско промовирање на постигањата на учениците | **5.2.1 Промовирање на личните постигнувања на учениците**<br>Училиштето секоја учебна година вложува во развојот на училишната клима, воедно создава позитивна, продуктивна и стимулативна клима и во време на пандемија. Сите заедно се залагаме за максимална реализација на можностите, афинитетите и вештините на учениците, а со тоа се подигнува и угледот на училиштето. Успехот на училиштето го гледаме преку успехот на учениците на разни натпревари, учество на работилници и манифестации. За таа цел, наставниците мотивирачки делуваат на учениците, поттикнуваат желба за лични постигнувања кои всушност се и успех на училиштето. Учениците имаат еднакви можности да ги изразат своите потенцијали како во наставните, така и во вонаставните активности. Постигнувањата на учениците се постираат и на официјалната страна на училиштето. |
| Извештаи од одржани натпревари<br>Документација за изведени проектни активности<br>Веб страница на училиштето | **5.2.2. Промовирање на постигнувањата во име на училиштето**<br>Доделувањето на награди и пофалници за постигнувањата на учениците најчесто се врши на полугодие, крај на учебна година, јубилеј, Патронен празник на училиштето, конкурси и натпревари.<br>Во училиштето постои правилник за наградување на учениците. Некои од позначајните дипломи и признанија се истакнати на видни места во училиштето, на Веб страница на училиштето или се промовираат на повисоко ниво. |

## 5.3.Еднаквост и правичност

| **Теми:** | 5.3.1. Познавање на правата на децата<br>5.3.2. Еднаков и правичен третман на сите ученици<br>5.3.3. Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот |
|---|---|
| **Извор на податоци** | **Информации кои се собирани** |
| Годишни глобални и тематски планови и програми по предметот ОЖВ и граѓанско образование<br>Одделенски е -дневници<br>Формулар за партнерство / Меморандум за збратимени училишта | **5.3.1 Познавање на правата на децата**<br>Сите ученици без разлика на возраста, полот, социјалниот статус уживаат еднакви права. Вработените во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици. Во учебната 2021/2022 година во училиштето постојат 20 паралелки. Вкупниот број на ученици износува 405, од кои со етничка структура македонци се 205, Албанци 4, Бошњаци 126, Турци 24, Роми 37, Срби 6 и други 3. Во учебната 2022/2023година во училиштето постојат 19 паралелка. Вкупниот број на ученици изнесува 390, од кои со етничка структура Македонци се 176, Албанци 6, Бошњаци 127, Турци 25, Роми 42, Срби 9 и други 5. Наставата за сите ученици се изведува на македонски јазик. |
| Глобални ученички активности за МИО<br><br>Разговор со Ученичката заедница,<br>Детската организација,<br>Подмладокот на Црвениот крст,<br>родителите,<br>наставниците | **5.3.2 Еднаков и правичен третман на сите ученици**<br>Сите вработени во училиштето, учениците и родителите се запознати со правата на децата. Во училиштето имаме ученици со различни психофизички способности, како и ученици со пречки во развојот. Истите многу добро се прифатени, како од наставниците, така и од соучениците. Училиштето постојано се труди да обезбеди здрава клима меѓу учениците и наставниците без разлика на пол, етничка припадност или различност во способностите низ секојдневната редовна настава.<br>Вработените во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици. Сите тие без оглед на својата национална припадност подеднакво учествуваат во наставните и вонанаставните активности во зависност од своите интереси, афинитети, можности и вештини. Правата на децата се загарантирани и се почитуваат од страна на Стручната служба, наставниците и сите вработени во училиштето и истите се заштитуваат во случај на нивно нарушување. Доколку овие права се прекршат училиштето е подготвено да реагира до сите надлежни институции за надминување на истиот. Училиштето ги поттикнува учениците да ги осознаваат своите права преку организација на различни |

| | |
|---|---|
| Записници од состаноци на УЗ, СР, ДО, ПЦК<br>Кодекс за однесување на учениците | предавања и трибини, одделенските часови и сл. За своите права и обврски учениците се информираат преку Ученичкиот Правобранител, Ученичкиот Парламент , по предметот Граѓанско образование како и на одделенските часови. |
| Проектни активности<br><br>Програма за работа на стручната служба<br><br>Литературни и ликовни творби- конкурси интерни и екстерни<br><br>Учество на натпревари | **5.3.3 Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот**<br>**Во насока на меѓусебно запознавање на учениците од различни етнички групи, со цел развивање почит и однос кон различностите се реализира проектот за**<br>Меѓуетничка интеграција во образованието, реализирани се следните програмски активности во учебните 2021 – 2022 година, 2022-2023 год.<br>-Апликација за грант до МОН за развој и унапредување на мултикултурализмот и меѓуетничката интеграција и толеранција;<br>- Активност предвидена со добиениот грант од МОН „Побезбедни на интернет “;<br>- Активност предвидена со добиениот грант од МОН „Здрава храна од глава до пети“;<br>- Активност предвидена со добиениот грант од МОН „Нашата сликовница“;<br>- Активност предвидена со добиениот грант од МОН „Да ја спасиме нашата планета“;<br>- Активност предвидена со добиениот грант од МОН „Музеите се наше културно богатство“;<br>- Сметачка машина - Гаусов алгоритам. Преку математички алгоритам да се определи датумот на празнување на Велигден и Бајрам, како се слави кај нас и во земјите од англиско и германско јазично подрачје, правење споредба со нашата традиција, а преку музика и драматизација запознавање со обредните ритуали во нашата земја.<br>-Аналитичко следење на активностите на WEB страната на ПМИО;<br>- Професионална информираност на наставниците за МИ активности;<br>- Апликација за грант до МОН за развој и унапредување на мултикултурализмот и меѓуетничката интеграција итолеранција ;<br>- Велигденска работилница - Изработка на оригами за Велигден;<br>-„Празнувања во мојот дом‟- верски празник Велигден;<br>- Одбележување на празникот Бајрам - Изработка на билборд;<br>- Да го запознаеме празникот на нашите другарчиња - Рамазан Бајрам;<br>- Активност предвидена со добиениот грант од МОН – „Писмо за емпатија“<br>- ОЖВ работилници<br>**Реализација на заеднички активности предвидена со добиениот грант од**<br>Совети за побезбедено на интернет на Genially- Учениците од V одделение од нашето училиште и ООУ „Братство“ – Скопје<br>Постер и инфографик со совети изработено на Canva и Thinglink, знаат која храна е здрава, а која не,која храна е корисна за одреден дел од човечкото тело - Учениците од I одделение од ООУ „Св. Кирил и Методиј“ и ООУ „Братство“ – СкопСликовница во Storyjumper, Развиена интерперсонална комуникација меѓу ученици од различна етничка заедница, знаат цели и активности во група, сакаат литература и сакаат да читаат, преку меѓусебна помош и соработка изработуваат продукт од заеднички интерес-<br>Учениците од I одделение од ООУ „Св. Кирил и Методиј“ и ООУ „Братство“<br>Видеа на Flipgrid, цели и активности во група, знаат зошто треба да ја заштитиме планетата Земја- Учениците од VIII одделение од нашето училиште и ООУ „БратствРазмена на добри практики и набљудување на часови, Учесникот Камила Ериксон и нашето училиштето реализираа активност – учење преку мобилност- Гостин-наставник Камила Ериксон од партнер училиште од Данска поврзано со Еразмус проНадгледување на часови по математика, |

| | |
|---|---|
| | етика на религии, македонски јазик, англиски јазик, физичко образование, одделенска настава, германски јазик, музичко образование“ – еднонеделна посетаВоспоставување интерперсонална комуникација со ученици од различна етничка заедница и негување и продлабочување на меѓусебното пријателствоНапишани писма за емпатија Изработена двојазична е-книга- Учениците од II одделение од ООУ „Св. Кирил и Методиј“ и ООУ „Лирија“ Покрај редовната настава која се одвива во училиштето, еднаквост и правичност постои и во работата со компјутери и други воннаставни активности. Постојано се води грижа за прифаќање и промовирање на мултикултурализмот и овој однос е исполнет со толеранција и разбирање.<br>Училиштето ги користи сите можни стратегии за да овозможи соработка и разбирање помеѓу различните нации, култури и религии.<br>Политика на позитивно вреднување на етничката, културната и верската разноликост се врши и преку предметите Граѓанско образовани и Етика, изборниот предмет Етика во религиите и на часовите на Одделенската заедница кои се реализираат и во одделенска и во предметна настава ( освен во прво одделение ).<br>Со предавања и трибини од оваа област постојано се продлабочува граѓанската култура и толеранцијата кон различностите. Мултикултурално ги едуцираме учениците и со спроведување на интегрирани часови по сродни наставни предмети, како и преку содржините што ги изучуваат во изборните предмети. |

## 5.4.Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

| | |
|---|---|
| **Теми:** | 5.4.1. Соработка на училиштето со родителите<br>5.4.2. Соработка со општината и со урбаната заедница<br>5.4.3 Соработка со деловната заедница и со граѓанскиот сектор |
| **Извор на податоци** | **Информации кои се собирани** |
| | **5.4.1 Соработка на училиштето со родителите**<br>Училиштето освен што изготвува план и програма за воспитно образовниот процес, изготвува и програма за соработка со родителите и програма за работа на Советот на родители кои се интегриран дел во Годишната програма за работа на училиштето.<br>Родителите се вклучени во училишниот образовно-воспитен систем на повеќе нивоа:<br>- Родителски средби;<br>- Отворени денови;<br>- Приемни денови: директор, стручна служба и наставници (истакнати на видно место во училиштето, како и брошура за родители);<br>- Наставни активности и активности во училиштето и вон училиштето како работилници и обуки (Детски права, Почитување на различностите и интеркултурализам во училиште, Сензитивизација на родители за потребите на деца со ПОП);<br>- Интеграција на еколошка едукација во образовниот систем во училиштето *Уреден еколошки двор;*<br>- Совет на родители кој работи со своја програма, дава предлози, мислење и сугестии за подобрување на воспитно-образовната работа, информирани се за училишните активности и планови во текот на годината (реализирани шест состаноци на Совет на родители во учебната **2021/22г. –** 28.07.2021г., 29.09.2021 год., 26.10.2021 год., 17.11.2021 год., 27.01.2022 год. и 28.06.2022 год. и шест состаноци на Совет на родители во учебната **2022/23 –** 05.09.2022, 18.11.2022, 25.01.2023, 10.04. 2023г., 29.06.2023г. и 11.07.2023г.)<br>- Училиштен одбор во кој родителите имаат свои претставници и на тој начин се вклучени во управувањето со училиштето (во учебната **2021/22** година се одржани вкупно единаесет состаноци на Училиштен одбор - |

| | |
|---|---|
| | 2.7.2021г., 14.07.2021г., 3.8.2021г., 4.10.2021год., 23.11.2021 год., 15.12.2021 год., 28.01.2022г., 22.02.2022г., 03.03.2022г., 17.05.2022г., 28.06.2022 и во учебната **2022/2023** година одржани се вкупно девет состаноци на Училиштен одбор- 22.08.2022г., 14.11.2022г., 19.12.2022г., 26.01.2023г., 15.02.2023г., 12.04.2023г., 11.05.2023г., 09.06.2023г. и 29.06.2023г.);<br>- Родители претставници во училишниот инклузивен тим, како и претставници на родители во инклузивен тим на ученик;<br>- Претставници на родители во комисија за самоевалуација;<br>- Индивидуални и организирани средби и настани како: приредби, проекти, спортски натпревари, хуманитарни акции, училишни акции, учество на тивка аукција (со дела на своите дела и како купувачи на аукцијата), учество на продажна изложба (со дела на своите дела и како купувачи на изложбата). |
| -Годишни извештаи<br>-Поединечни извештаи<br><br>Проектни активности<br><br>Програма за работа на стручната служба<br><br>Литературни и ликовни творби- конкурси интерни и екстерни<br><br>Учество на натпревари | **Учебна 2021-22г.**<br>Соработка со средни училишта<br>Соработка со факултети<br>Соработка со Општина Центар<br>Соработка со Државен завод за статистика<br>Соработка со Здружение Сојуз за грижи и воспитување на децата на град Скопје<br>Соработка со издавачки куќи<br>Соработка со Здравствен Дом Битпазар<br>Соработка со Црвен крст<br>Соработка со Здружение за асистивна технологија ,,Отворете ги прозорците“<br>Соработка со Детска фондација Песталоци<br>Соработка со Бирото за развој на образование<br>Соработка со МОН<br>Соработка со невладини организации<br>Соработка со ДПИ<br>Соработка со НЛБ и Пакомак<br>Соработка со медиуми<br>Соработка со Турски Културен Центар Јунуз Емре<br>Соработка со ОУРЦ Златан Сремац<br>Соработка со музеи, кина, театри<br>**Учебна 2022-23г.**<br>Работилница по психологија – Борба на стигмата за психичките нарушувања<br>Соработка со средни училишта<br>Соработка со факултетите<br>Американ Колеџ , Институт за специјална едукација и рехабилитација (Филозофски факултет) , Катедра за германски јазик (Филолошки факултет)<br>Соработка со Општина Центар<br>Соработка со Државен завод за статистика<br>Соработка со Здружение Сојуз за грижи и воспитување на децата на град Скопје<br>Соработка со Центар за социјална работа<br>Соработка со издавачки куќи<br>Соработка со Здравствен Дом Битпазар |

| | |
|---|---|
| | Соработка со Црвен крст<br>Соработка со Здружение за асистивна технологија ,,Отворете ги прозорците“<br>Соработка со Детска фондација Песталоци<br>Соработка со Бирото за развој на образование<br>Соработка со МОН<br>Соработка со невладини организации<br>Соработка со ДПИ<br>Соработка со НУ Археолошки музеј<br>Соработка со НЛБ и Пакомак<br>Работилница : I belong (Јас припаѓам)кампања на ОН и УНХЦР со Македонско здружение на млади правници<br>Предавање на тема: Деца /лица без државјанство<br>Соработка со НЛБ Банка<br>Соработка со Филхармонија<br>Соработка со Институтот по психологија<br>Посета на Општина Центар<br>Соработка со Детски културен центар Карпош<br>Презентација на тема : Со велосипед и електричен тротинет низ Центар соработка со НВО Култи ватор<br>Народни носии и настанување на парите<br>Соработка со МКЦ<br>Посета на НУБ Св.Климент Охридски |
| Проектни активности<br><br>Програма за работа на стручната служба<br><br>Литературни и ликовни творби- конкурси интерни и екстерни<br><br>Учество на натпревари | **5.4.3 Соработка со деловната заедница и со граѓанскиот сектор**<br>Во текот на учебната 2021/22 год., училиштето оствари одлични соработки со граѓанскиот сектор:<br>Скопје гради музика<br>Јадам мед затоа сум здрав/а<br>Акција „ Да ја сочуваме нашата планета земја“<br>Јавен настап на директорката<br>Скрининг на ученици од КОВИД 19<br>Контакти со Неделник Република<br>Учество во снимање на училишна емисија Ѕвон на МРТВ<br>Гостување на училишниот психолог во емисијата Добро утро Македонијо<br>Учество во детска емисија на МРТВ: Мислам значи постојам<br>Учество во утринска програма во МРТВ;<br>Гостување на училишниот психолог во емисијата Добро утро Македонијо;<br>Интервју со училишниот психолог во Слободен печат;<br>Учество со музичка изведба по повод патрониот празник на училиштето;<br>Интервју со училишниот психолог во Слободен печат;<br>Учество на ТВ емисија на Ѕвон;<br>Во текот на учебната 2022/23 год., училиштето оствари одлични соработки со граѓанскиот сектор:<br>Посета на Претседателот на Р.С. Македонија-Стево Пендаровски на првиот училишен ден<br>Едукативен настан со Турскиот Центар Yunus Emre Enstitusu-Скопје и Светот на Биби<br>Учество на Ѕвон<br>Денови на медиумска писменост |

| | |
|---|---|
| | Благосостојба кај возрасни и деца<br>Вклученост на училиштето во ХБСЦ Студијата и актуелни активности<br>Учество на училишна контактна емисија Ѕвон |

**Резултати**

**Клучни јаки страни:**

- Взаемно почитување на наставниот кадар, директорот и педагошко-психолошката служба во училиштето;
- Соработката на наставниот кадар меѓусебно, со учениците и родителите е на високо ниво;
- Толеранција, почит и разбирање кон етничката, родовата и мултикултуралната различност;
- Родовата сензитивност и мултикултурализмот е предуслов за работа и се негува во најголема мера;
- Изготвен е правилник и Кодекс на однесување кој се почитува;
- Постојано се работи на нови проекти кои вродуваат со успех како кај учениците така и кај наставниците;
- Обуките и едукациите на наставниците се одвиваат во голема мера и во услови на пандемија (online) во согласност со интересите на наставниците;
- Вклучување на родителите на обуки на тема МИО;
- Кога има потреба од хуманитарни акции и хепенинзи се спроведуваат активно вклучувајќи ја локалната и деловната заедница со цел да се помогне на ученици од социјално ранливи семејства;
- На натпреварите кои се одржуваат на општинско, градско и државно ниво училиштето постигнува значајни резултати кои овозможуваат репрезентативност;
- Успешната работа на Ученичкиот парламент.

**Слаби страни:**

- Остварување на идејата да се заштити училиштето како дел од културното наследство и како спомен обележје на учителствувањето на нашиот преродбеник Јордан Хаџи Константинов – Џинот.

# ПОДРАЧЈЕ 6 – РЕСУРСИ

| ПОДРАЧЈЕ 6 | РЕСУРСИ |
|---|---|
| **Членови на работната група:** | Бојана Бачоска, Драган Станојкоски, Нела С.Никовска, Анка Чоневска , Васка Тошевска Момироска |
| Индикатори за квалитет | |
| **6.1.Сместување и просторни капацитети**<br>**6.2.Наставни средства и материјали**<br>**6.3.Обезбедување на потребен наставен кадар**<br>**6.4.Следење на развојните потреби на наставниот кадар**<br>**6.5.Финансиско работење во училиштето** | |

## 6.1. Сместување и просторни капацитети

| Извори на податоци | Информации кои се собирани |
|---|---|
| | **6.1.1 Просторни услови**<br>Работата се одвива во една смена и секоја паралелка од одделенска настава си има своја училница. Секоја училница е во просек околу 55 м2, а просечен број на ученици во една паралелка изнесува 20 ученика, што значи дека на секој ученик му припаѓаат по 2,76м2 работен простор.<br>Просторните услови може да се подобрат во насока на постоење на кабинети за наставници, кабинети за нагледни средства, поголем простор за библиотека и читална.<br>**6.1.2 Искористеност на просторни капацитети**<br>На почетокот на секоја учебна година се прави план и распоред за максимално искористување на просторните капацитети за изведување на наставата и воннаставните активности.<br>Комплетно е средена училницата за природни науки според насоките на МОН , со сите нагледни средства според новата концепција. |

## 6.2 Наставни средства и материјали

| Теми: | 6.2.1. Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала<br>6.2.2. Училишна библиотека<br>6.2.3. Потрошен материјал |
|---|---|
| **Извор на податоци** | |
| Пописна книга од библиотека | **6.2.1. Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала и 6.2.2. Училишна библиотека**<br>Наставните средства и помагала обично се набавуваат преку донации и учества на проекти.<br>Училишната библиотека располага со одреден број на стручна литература, лектирни изданија и слободна литература. Вкупниот број на книги во библиотека изнесува 17 480.<br>Вкупен библиотечен фонд 25 527 (2021-22)<br>Од тоа 16 543 се наслови на македонски јазик, а останатите на други јазици. 1 058 е книжевниот фонд за наставници. Библиотекарскиот фонд е збогатен со стручна литература со што оваа училишна библиотека го носи епитетот на една од побогатите училишни библиотеки.<br>Се води библиотечна евиденција согласно критериумите на МОН. |

| | |
|---|---|
| | **6.2.3. Потрошен материјал**<br>Училиштето ја планира набавката на основниот потрошен материјал, но набавката во целост не ги задоволува реалните потреби. Потрошниот материјал за потребите на училиштето се набавува преку распишување на тендери. Истиот се планира и набавува согласно тендерска документација |

## 6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар

| **Извор на податоци и документи за увид** | **Информации кои се собирани** |
|---|---|
| Список на вработен наставен кадар во училиштето<br><br><br>Годишна програма за работа<br>Уч. 2021/2022; уч.2022/2023<br><br><br>Лични досиеја на наставниците<br>Норматив за наставен кадар од наставните планови и програми<br>( БРО)<br><br><br><br>Правилник за систематизација 2016<br>Треба податоци од последната систематизација<br><br>Програма за работа на раководниот тим(директор, педагог, психолог за уч.2021/2022; 2022/2023<br>Интервју со директор<br><br><br>Интервју со секретар | **6.3.1.Број на вработени и соодветност на наставниците и стручните соработници:**<br>Вкупниот број на вработени за учебната 2021/22 година е 57 според полот машки 5 и 52 женски.По националност има 54 од македонска националност и 3 од друга националност.<br>Вкупниот број на вработени за учебната 2022/23 година е 55 според полот машки 5 и 50 женски .<br>По националност има 53 од македонска националност и 2 од друга националност<br>Сите наставници се со соодветна стручна подготовка соогласно ЗОО и според нормативите на наставен кадар.<br>Според Правилникот за систематизација од 2016 година во училиштето има: еден директор, еден помошник директор , еден стручен соработник, еден педагог, еден психолог, еден специјален едукатор и рехабилитатор, еден наставник ментор, еден административен работник, седум хигиеничарки и еден хаус мајстор.<br>**Преглед на наставен кадар според видот на работниот однос:**<br>- во учебната 2021/2022 година има вкупно 42 вработени од кои 5 се на неопределено работно време, а 39 на определено работно време<br>- во учебната 2022/23 годинаа има вкупно 53 вработени од кои 50 се на неопределено работно време и 3 на определено работно време.<br>Наставниот кадар има соодветна стручна подготовка според Нормативот за наставен кадар, и согласно ЗОО за секое работно место. Со Висока стручна подготовка се 44 , со Виша стручна подготовка 3 , со Средно образование нема, а со титула Доктор на науки 1 наставник, со титула магистер на науки се 2 наставници.<br>**6.3.2 Ефективност и распоредување на кадарот**<br>Наставниците ефективно придонесуваат за работата на училиштето и успешно работат како тим во рамките на стручни активи. Во училиштето има еден стручен актив во одделенска настава, и три стручни активи во предметна настава поделени во три групи (опшествена, јазична и природна група на предмети). Стручните активи имаат програма за работа.<br>При распределба на кадарот се земаат предвид квалитетите, искуството и експертизата на наставниците што придонесуваат за исполнување на целите на наставата. Во случај на пократко или подолго отсуство на наставниот кадар, училиштето има механизам за брза и соодветна замена. Се доставува Барање за согласност до Општината за испраќање на соодветен стручен наставен кадар.<br>Досиеата за вработените стојат во документацијата кај секретарот и по потреба се дополнуваат и ажурираат. |

| | |
|---|---|
| Годишен извештај<br>уч.2020/2021<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>Годишен извештај<br><br>уч.2020/2021 | Училиштето води грижа за професионалниот развој на образовниот кадар водејќи сметка редовно да се посетуваат обуките и семинарите кои се одобрени и организирани од МОН и БРО и општина Центар. Стручната служба води професионално досие за секој наставник.<br>Професионалниот развој на воспитно-образовниот кадар се одвива на интерно и екстерно ниво.<br>На интерно ниво се реализира преку Стручни активи и Наставнички совет додека на екстерно ниво представува учество во едукација организирана од БРО, МОН или други организации на едукации кои се од интерес на подобрувањето на квалитетот на наставата како и во зависнот од потребите на наставниот кадар и стручна служба.<br>Планираните различни видови на организирање и пренесување на знаењата или размена на професионално искуство, се реализираа преку активите, со организирање на отворени часови, стручни собири, работилници и сл.<br>Училиштето има воспоставено систем за дисеминација на стекнатото знаење и континуирано ја следи примената на стекнатото знаење од усовршувањето .<br>*Кариерен развој на воспитно образовниот кадар*<br>Училиштето е вклучено во процесот на кариерен развој на воспитно –образовниот кадар кој се одвива во три дела односно фази, првиот дел е посветен на приправничкиот период, вториот дел се однесува на периодот каде наставникот/стручниот соработик работи самостојно и третиот дел каде што напредува во звање наставник/стручен соработник ментор и наставник/стручен соработник советник.<br>Како поддршка во кариерниот развој училиштето има за цел да го олесни снаоѓањето во училишнит живот и да понуди практични совети и иновативни идеи. Образовниот кадар е запознаен со стандардите за наставник/ стручен соработник –ментори и наставник /стручен соработник советник низ 6 подрачја .<br>**6.3.3. Стручните соработници како поддршка на наставниот кадар**<br>Училиштето има стручна служба составена од **педагог, психолог, специјален едукатор и рехабилитатор.** Овој тим им помага на наставниците во организацијата на наставата, перманентно го следат развојниот напредок на учениците. Службата се справува со училишните проблеми на индивидуално и групно ниво. Стручната служба е дел од тимот на професионален развој на наставниците, при што им дава стручна поддршка на истите. Со флексибилноста на работата, службата е секогаш отворена за соработка, комуникација со сите субјекти во училиштето |

## 6.4 Следење наа развојните потреби на наставниот кадар

| **Собирање на податоци, обработка на документи** | **6.4.1.Професионален и кариерен развој на наставниците** |
|---|---|
| Извор на податоци:<br><br>Записници од посета на часови<br><br>Разговор со директор и стручната служба<br><br>Записници од состаноци на Наставнички совет | Од страна на сите наставници и стручни соработници е изготвен личен план за професионален и кариерен развој во кој се опфатени сите елементи за остварување на поставените цели.<br>Училиштето има изготвено програма за професионален развој на наставниците ,<br>Наставниците добиваат можност да учествуваат на семинари по барање и покана од страна на БРО и МОН, Општина Центар.<br>Стручната служба континуирано ги следи нивните обуки, семинари и конференции и истите се евидентираат во портфолијата за професионален развој на наставниците и во Професионалното досие на наставниците и стручните соработници. |

| | |
|---|---|
| Правилник за приправници<br><br>Записник од менторите<br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br><br>Анкета за наставниците, стручните соработници | Работата на наставник приправник ја следи ментор, кој на приправникот му дава соодветна стручна помош. Менторот во нашето училиште има изготвена програма за менторство.<br>Информации кои се собрани<br>Од претходниот увид и анализа на разгледаната училишна документација и евиденција и анкетираните наставници и стручните соработници идентификувани се клучните јаки и слаби страни од ова подрачје<br>• наставниците и стручниот кадар се изјаснил дека има потреба од дополнително стручно усовршување и има потреба од континуирани обуки со кои би ги унапредиле и развиле различните вештини ,<br>• Стручните служби континуирано ги идентификуваат потребите од стручно усовршување на наставниот кадар,и ги мотивираат за стручно усовршување,<br>• Училиштето има воспоставено систем за дисеминација на стекнатото знаење добиено преку обуки на наставниците,<br>• Постојат инструменти за следење на стекнатите знаења од стручното усвршување на вработените ,<br>• Редовно организирање на тимска работа<br>• Дел од наставниците и стручните соработници се изјасниле дека чуствувале потреба за стручно пишување и објавување на трудови во стручни списанија,социјални мрежи и слични едукативни форми,<br>• Наставниците и стручните соработници се изјасниле дека имаат потреба од нова стручна литература,<br>• Наставниците и стручните соработници се изјасниле дека имаат потреба од нови наставни средства и помагала<br>• Голем дел од наставниците и стручните соработници се изјасниле дека не се задоволни од компјутерската опрема што е на располагање во училиштето |

## 6.5 Финансиско работење во училиштето

| **Теми:** | **6.5.1 Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет** |
|---|---|
| **Извор на податоци** | |
| Финансиски план;<br>Развоен план;<br>Годишна програма за работа;<br>Записници и одлуки на УО;<br>Склучени договори;<br>Тендери за јавни набавки;<br>Понуди;<br>Записници од ревизија и Управа за јавни набавки | **6.5.1. Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет**<br>Транспарентноста се остварува така што УО разгледува и донесува одлуки во врска со намената на финансиските средства, Годишен план за јавни набавки се доставува до Општината, Советот на родители е информиран за секоја одлука во врска со трошењето на средствата од училишниот буџет. |

**Резултати:**

**Клучни јаки страни:**

- Директорот има јасна визија за развојот и напредокот на училиштето
- Инволвираност на наставниците во обуки и семинари, нивна дисеминација
- Редовно одржување на инфраструктурата
- Наменско користење на буџетските и материјалните средства
- Тимот за професионален развој континуирано ги идентификува потребите од стручно усовршување на кадарот
- Професионалниот развој на воспитно-образовниот кадар се одвива на интерно и екстерно ниво.
- При распределба на кадарот се земаат предвид квалитетите, искуството и експертизата на наставниците што
- придонесуваат за исполнување на целите на наставата.
- Во училиштето се организира тимска работа
- Обуки и дисеминација од обуките за потребите на деца со ПОП

**Слаби страни**

- Недоволно финансиски средства во согласност со потребите за стручно усовршување на сите вработени и надополнување на библиотечниот фонд со стручна литература
- Финансирање на училиштето за подобрување на неговата инфраструктура

**Идни активности**

- Финансиска поддршка од локалната самоуправа за потребите на стручно усовршување на наставниот и стручниот кадар

# ПОДРАЧЈЕ 7 - УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ

| ПОДРАЧЈЕ 7 | УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ |
|---|---|
| **Членови на работната група:** | Маја Бутлеска, Вера Петровска, Ненад Наневски, Марија Варадинска и Виолета Секуловска |
| Индикатори за квалитет | Теми: |
| **7.1.Управување и раководење со училиштето** | 7.1.1. Управување со училиштето<br>7.1.2. Раководење со училиштето |
| **7.2.Цели и креирање на училишна политика** | 7.2.1. Јасност и соодветност на целите<br>7.2.2. Процедури за креирање на училишната политика<br>7.2.3. Резултати од развојното планирање |

## 7.1.Управување и раководење со училиштето

| **Теми:** | 7.1.1. Управување со училиштето<br>7.1.2. Раководење со училиштето |
|---|---|
| **Извор на податоци** | |
| Закон за основно образование;<br><br>Статут на училиштето;<br>Годишна програма за работа на УО;<br><br>Деловник за работа на УО;<br><br>Записници од одржаните состаноци на УО;<br>Одлуки и извештаи од работата на УО;<br><br>Развоен план научилиштето;<br>Програма за работа на директорот;<br>Програма за професионалниот развој на директорот; | **7.1.1. Управување со училиштето**<br>ООУ „СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – Центар, Скопје верифицирано е со број 15-820 од 26.06.1984 год. од органот за верификација МОН<br>Врз основа на Законот за основно образование чл.106, став 1 Орган на<br>управување на основното училиште е Училишниот одбор. УО е конституиран во согласност и со Статутот на училиштето донесен на 3.03.2022 год., заведен под деловоден број 01- 65/01 . Работата на УО јасно е дефинирана со Деловодникот за УО, донесен на 15.08.2016, заведен под деловоден број 01- 357/02<br>1. По својата структура, училишниот одбор е колегијален орган т.е. составен е од 7 (седум) члена: - тројца претставници од наставниците, стручните соработници од училиштето:<br>1.Марија В.Алексова (2021-2024)<br>2.Вера Петровска(2020-2023) и<br>3.Маја Бутлеска (2021-2024)<br>- тројца претставници од родителите, односно старателите на учениците:<br>4.Сашо Јанев – претседател<br>5.Сузана Попоска (од 2020-2023г.)<br>6.Габриела Крстевска(од 2020-2023г.)<br>- еден претставник од основачот:<br>7.Илина Калешковска-член од Општина Центар(2022-2025)<br>На седниците на училишниот одбор се поканувaат и во неговата работа учествуваат, без право на глас и двајца претставници на учениците избрани од ученичкиот парламент (Чл.106, ст.3).<br>Мандатот на членовите на училишниот одбор е три години,а мандатот на претставниците на родителите е за период до завршување на основното образование на нивното дете, но не подолго од три години. ( Член 106, ст.5 од Законот за основно образование). |

| | |
|---|---|
| Записници од одржани Наставнички совети;<br><br>Записници од одржани состаноци на Одделенските совети за (одделенска и предметна настава);<br><br>Документи за професионален и кариерен развој;<br><br>Годишен извештај на училиштето;<br>WEB срана;<br>Брошура за училиштето;<br><br>Инструменти за вреднување на воспитно- образовниот кадар; | Училишниот одбор од редот на своите членови – претставници од родителите, односно старателите избра претседател со мнозинство гласови од вкупниот број членови, по пат на тајно гласање. (споредЧлен 106, ст.6 од Законот за основно образование)<br>Одлуките Училишниот одбор ги донесува со мнозинство гласови од вкупниот број членови. (според Член 106, ст.7 од Законот за основно образование).<br>Директорот на училиштето не учествува во работата на училишниот одбор, но за работи кои се од значење за подобрување на воспитно образовниот процес во училиштето може да биде поканет од страна на претседателот на училишниот одбор, односно од страна на две третини од членовите на училишниот одбор.(Чл.106 ст.8).<br>Наставниците и стручнитесоработнициво Училиштето своите претставници во училишниот одбор ги избраа непосредно и тајно.(Член 107, ст.1 од Законот за основно образование).<br>Претставниците од наставниците и стручните соработници во Училишниот одбор ги избра Наставничкиот совет (Член 107, ст. 2 од Законот за основно образование).<br>Претставниците на родителите ги избра Советот на родителите непосредно и тајно.(Член 125, ст. 3 од Законот за основно образование)<br>Постапката за избор на претставниците на вработените на основното училиште и родителите во училишниот одбор на училиштето е утврдена со Статутот на училиштето. (Член 125, ст. 4 од Законот за основно образование).<br>Училишниот одбор на основното училиште ги има следните надлежности, пропишани со закон (Член 108, ст. 1 од Законот за основно образование):<br>- донесува Статут на основното училиште,<br>- предлага Годишна програма за работа и извештај за работа на основното училиште до Советот на Општината,<br>- донесува Развојна програма на училиштето,<br>- ги зема во предвид препораките од спроведената самоевалуација при изработка на Годишната и развојната програма на училиштето,<br>- предлага финансиски план до основачот,<br>- предлага завршна сметка до основачот,<br>- објавува јавен оглас за избор на директор во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден од весниците се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик,<br>- врши интервју со кандидатите за директор,<br>- предлага на градоначалникот на општината еден од кандидатите кои се пријавени на објавениот јавен оглас за избор на директор,<br>- дава мислење и предлог до директорот за избор на наставниците и стручните соработници,<br>- одлучува по приговорите и жалбите на вработените во основното училиште,<br>- одлучува по жалбите на ученици, родители, односно старатели на ученици и<br>- врши и други работи утврдени со Статутот на Училиштето.<br>- Училишниот одбор на Училиштето за поднесените жалби од страна на наставникот одлучува во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на жалбата. (Член 108, ст. 2 од Законот за основно образование). |

| | |
|---|---|
| | - Доколку подносителот на жалба е член на училишниот одбор истиот се иззема од процесот на одлучување по жалбата (Чл. 108 ст.3).<br>- УО на Училиштето има карактеристики на ефективен УО кои се воочуваат во:<br>- фокусирање на подобрување на учењето и успехот на учениците;<br>- промоција на значајно вклучување на родителите и на заедницата;<br>- активна вклученост во поставувањето на приоритетите на Училиштето;<br>- негување заедничка почит, доверба и разбирање;<br>- јасно разбирање на улогите и на одговорностите на УО и на раководството на Училиштето;<br>- заедничка визија за успехот на учениците;<br>- одржување на високи етички стандарди;<br>- воспоставеност на јасна и отворена комуникација.<br>Училишниот одбор работи на состаноци кои ги свикува Претседателот на УО во рок предвиден во согласност со Деловникотза работа на УО. Во Деловникот за работа на УО е пропишано задолжително присуство на најмалку по еден претставник од поединечните структури во УО (освен во случаи на најавено отсуство). Во текот на своето работење од уредно водените записници на секој од состаноците е констатирана континуирана редовност на членовите претставници на наставниците и родителите, што значи повеќе од половината членови,така што одлуките се носени со мнозинство гласови од вкупниот број членови на УО. Училишниот одбор им обезбедува редовни, детални, сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес. Исто така УО има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите образовни структури. |
| Програма за работа на директорот;<br><br>Програма за професионалниот развој на директорот; | **7.1.2. Раководење со училиштето**<br>Врз основа на Законот за основно образованиечл. 109, став 1 Орган на раководење во основното училиште е директорот.<br>Училиште: „СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – Центар, Скопје<br>Директор: Соња Кирковска<br>Училиштето има јасно дефинирана мисија и визија.<br>Раководниот орган има стратешка определба заснована врз јасна визија што ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето. Има изработено План за развој на училиштето – период на изработка 2022 – 2026 година, со деловоден број 01-29/01 од 27.09.2022 година. Раководниот орган знае како објективно да ги оцени квалитетите на вработените и нивниот придонес во тимската работа и како да ја промовира добрата практика што постои во училиштето. Директорот донесува одговорни одлуки. Директорот е одговорен за законитоста во работата и за материјално- финансиското работење на училиштето.<br>Директорот ги врши сите работи пропишани во законот за Основно образование во член 113:<br>- го застапува и претставува училиштето и е одговорен за законито работење,<br>- ја организира, планира и ја води работата на основното училиште,<br>- ја следи и унапредува воспитно-образовната работа во училиштето,<br>- подготвува Развојна програма на училиштето,<br>- подготвува предлог на годишна програма за работа и извештај на училиштето,<br>- одговорен е за реализација на годишната програма за работа,<br>- одговорен е за остварување на правата и обврските на учениците, |

| | |
|---|---|
| | - надлежен е за пријавување на кој било облик на насилство, злоупотреба и занемарување сторено врз ученик до надлежните институции утврдени со закон,<br>- врши избор на наставници, стручни соработници, и друг административно-технички кадар согласно со закон и актите на училиштето,<br>- врши распоредување на наставници, стручни соработници, и друг административно- технички кадар,<br>- одлучува за престанок на работен однос на наставници, стручни соработници и воспитувачи и друг административно-технички кадар согласно со закон и колективен договор,<br>- врши контрола врз начинот на водењето на професионалните досиеја на наставниците и стручните соработници,<br>- поттикнува, следи и организира стручно оспособување и усовршување на наставниците и стручните соработници,<br>- организира менторство за наставниците-приправници, стручните соработници - приправници, воспитувачи-приправници, присуствува на часови во наставата согласно со планот за посета на часови од годишната програма за работа на училиштето, за што составува препораки и забелешки од остварената посета кои се приложуваат кон професионалното досие на наставникот и ја следи работата на наставниците, стручните соработници и воспитувачи, и ги советува,<br>- ја следи работата на училишниот педагог, психолог и другите стручни работници,<br>- се грижи за соработката со родителите односно старателите - ги известува родителите односно старателите за работата на училиштето и за измени на правата и обврските на учениците - одлучува за воспитните мерки,<br>- ја организира и следи работата на училишниот инклузивен тим и други тимови во училиштето,<br>- ја следи работата на стручните органи во училиштето,<br>- ја поттикнува и следи работата на заедницата на учениците, обезбедува извршување на одлуките на училишниот одбор,<br>- ја донесува систематизацијата на работните места на училиштето,<br>- одлучува за склучување договори за работните односи,<br>- го формира училишниот инклузивен тим,<br>- покренува постапка за дисциплинската одговорност на вработените во училиштето, - се грижи за соработката на училиштето со здравствената установа во општината и<br>- врши други работи согласно закон и статутот на училиштето.<br>- Директорот исто така раководи со човечките ресурси, финансиското раководење во следниве подподрачја:<br>- Комуникации и односи со јавноста;<br>- Унапредување на меѓучовечките односи;<br>- Планирање, подршка на наставата и учењето;<br>- Обезбедување на квалитет, создавање на здрава, безбедна и демократскасредина за учење и развој на учениците;<br>- Раководење со финансиски и материјални ресурси.<br>Директорот формира тим за односи со јавноста и изготвува акционен план за презентација на училиштето (кои наставници ќе бидат вклучени, поттимови за разни активности). Го заснова своето работење врз |

| | |
|---|---|
| | тимска работа преку вклучување на вработените во процесот на развој на политики, планирање и обезбедување квалитет.<br>Воспоставува продуктивни партнерства и соработка во непосредната и во пошироката заедница.<br>Остварени партнерства со пошироката заедница:<br>Континуирана соработка со: МНТ, МОБ, Театар за деца и младинци, кино Милениум, МАНУ, МТВ, ДКЦ, МКЦ, ЈУДКЦ-Карпош, Црвен крст, Пакомак, British council, Goethe Institut, American college, Здружение Совет за грижи и воспитување на децата на град Скопје, Општина Центар, банки, библиотеки, музеи, национални галерии, средни училишта, факултети, училишта за деца со посебни потреби, , еколошки организации, спортски здруженија, агенции.<br>Воспоставува и одржува јасен систем на комуникација во училиштето.<br>Планира состаноци со вработените и навремено ги информира вработените. Конструктивно ја насочува дискусијата, има стратегија за градење и одржување на угледот на училиштето. Има план за привлекување на ученици како резултат на квалитетот на наставниците и наставата. Ги поттикнува наставниците за вклучување во активностите за презентација на училиштето.<br>Користи јасен приод за развој на меѓуетничките односи и надминување на конфликтите.<br>Применува техники за комуникација согласно ситуацијата и вклучените чинители. Креира промени и поттикнува цели.Планира потребен персонал, спроведува интервју со потенцијални кандидати за вработување, обезбедува стручен и компетентен кадар во учебнатагодина. Препознава и наградува индивидуални достигнувања.<br>Го води процесот на изработка на различни видови планови во училиштето и обезбедува да бидат вклучени актуелни приоди, програми, проекти (мултикултурализам, Црвен Крст, меѓуетничка интеграција во образованието, еко проекти и сл.). Формира работни тимови, учествува и ја следи изработката на годишната програма на училиштето. Изготвува оперативни и неделни планови за сопствената работа. Ги презентира годишните и развојни планирања пред органите и телата на училиштето и локалната заедница. Иницира, координира и насочува активности во наставата.<br>Воспоставува процедури за планирање на наставата и на воннаставните активност. Ги подржува наставниците при планирањето. Изработува и користи инструменти за следење на наставата (подготовка и реализација). Следи наставни часови и дава повратна информација.<br>Ја следи и вреднува ефикасноста на работата во училиштето (распоред на часови, наставни и воннаставни активности, вонучилишни активности). Учествува во проценката на инструментите и техниките за самоевалуација на работата на наставниците и стручните соработници. Води соодветно инструктивни разговори со наставниците, учениците и родителите. Обезбедува размена на добри практики на иновативна настава во рамки на училиштето. Креира интерни политики, процедури и инструменти за управување со квалитетот и презема активности за нивно спроведување.<br>Пронаоѓа можни извори на дополнително финансирање и презема активности за обезбедување дополнителни средства за училиштето. Го следи наменското трошење на сретствата во согласност со одобрениот буџет на училиштето. Буџетот го користи за различни цели фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и развојот на училиштето во целина. Постапките за финансиското работење што ги спроведува се во согласност со законските акти. Обезбедува навремено исполнување на деловните обврски. Јавните набавки ги врши согласно законот. Обезбедува услови за транспарентно усвојување на завршната сметка. Континуирано ја следи законитоста во финансиското работење. |

## 7.2.Цели и креирање на училишна политика

| **Теми:** | 7.2.1. Јасност и соодветност на целите<br>7.2.2. Процедури за креирање на училишната политика |
|---|---|
| **Извор на податоци** | |
| Годишна програма за работата на училиштето;<br><br>Записници од Наставнички совет;<br>Записници од Совет на родители;<br>Самоевалуација;<br>Записници и деловник за работа на УО; | **7.2.1. Јасност и соодветност на целите**<br>Целите на училиштето се во согласност со образовната политика преку инкорпорација на Законот за основно образование, Статутот на УО, Правилници и останатите подзаконски активкои ги носи МОН, како и со насоките кои училиштето ги добива од БРО. Со нив се обезбедува квалитетна настава и во нивното креирање учествува наставниот кадар преку тимови. За реализацијата на истите информирани се вработените, родителите и УО.<br>Училиштето има своја политика поврзана со дисциплината и поведението на учениците. За таа цел има донесено: Кодекс за однесување на учениците, Правилник за изрекување на педагошки мерки и Кодекс на однесување за вработените и Куќен ред.<br>Во изработка на истите беа вклучени учениците и наставниот кадар. Училиштето е отворено за разновидни инцијативи покренати од: воспитно образовниот кадар, учениците, родителитеи локалната средина, а се во склад со законските прописи и сите други видови на планирањаво училиштето. По разгледувањето на иницијативите се донесуваат соодветни одлуки, се информираат заинтересираните страни и се пристапува кон реализација на планираното. |
| Развојниот план на училиштето<br>Акциониот план на училиштето | **7.2.2. Процедури за креирање на училишната политика**<br>Во постапките за креирање на училишната политика вклучени се: наставниот кадар, родителите, учениците, основачот Општина Центар – секторот за образование, при што се почитуваат насоките дадени од МОН и БРО. Во училиштето родителите и учениците се навремено анкетирани за изборните предмети , а директорот на училиштето според тоа ја креира училишната политика во врска со обезбедување на соодветен наставен кадар. Информирањето на заинтересираните субјекти (наставници, ученици и родители) се врши преку писмени документи доставени до субјектите, огласната табла, но и усно преку индивидуални и групни средби. Во креирањето на политиката на училиштето е вклучена и грижата за здравјето на учениците преку разновидни активности зацртани во наведените документи. На учениците им се овозможува да учествуваат на манифестации по повод одбележување на: културно уметнички, историски, еколошки, спортски активности, собирни акции и сл. |

**Резултати**

| |
|---|
| **Клучни јаки страни:**<br>− Директорот има јасна визија за развојот и напредокот на училиштето<br>− Инволвираност на наставниците во обуки и семинари, нивна дисеминација<br>− Редовно одржување на инфраструктурата<br>− Наменско користење на буџетските и материјалните средства |
| **Слаби страни**<br>− Финансирање на училиштето за подобрување на неговата инфраструктура |

Директор

Соња Кирковска